# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Шеснаесеттото продолжение на Педесеттата
седница на Собранието на Република Македонија,
одржана на 23 февруари 2004 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија (сала број 1) со почеток во 11,00 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Продолжуваме со работа по Педесеттата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Тито Петковски, Наташа Биковска, Соња Лепиткова, Трифун Костовски, Љубчо Георгиевски, Петар Наумовски, Никола Груевски, Орданчо Тасев, Илија Китановски и Али Ахмети, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

**Минуваме на точката 23 - Предлог за донесување на закон за Град Скопје.**

Предлогот за донесување на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор Александар Гештаковски, министер за локална самоуправа.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, Предлогот за донесување на Закон за Градот Скопје е дел од пакетотот закони што ја сочинуваат основната рамка на системот на локална самоуправа и се предуслов за нормативно заокружување на процесот на децентрализација. Потребата од подготвување нов закон за Градот Скопје, произлезе пред се заради неопходноста и овој исклучително важен сегмент од сферата на локалната самоуправа да се усогласи со Уставот и со законот за локална самоуправа.

Членот 17 од Уставот на Република Македонија јасно го дефинира статусот на Градот Скопје како посебна единица на локалната самоуправа во која граѓаните непосредно и преку свои претставници учествуваат во одлучувањето за прашања од

значење за Градот Скопје. Поаѓајќи од оваа уставна одредба актуелниот закон за локална самоуправа за разлика од претходниот го третира само Градот Скопје како посебна единица на локалната самоуправа. Во него не се споменуваат општините во Скопје, како единици на локална самоуправа што значи дека Законот за локална самоуправа воопшто не навлегува и не го определува обликот на внатрешното организирање на Градот Скопје. Ова прашање е оставено да се регулира токму со овој закон, со Законот за Градот Скопје. Оттаму целта на овој закон е да ја дефинира организацијата на Градот Скопје во уставни рамки, а сепак, да овозможи пошироко демократско учество на граѓаните за прашања од локално значење во Градот Скопје. Правото на локална самоуправа на граѓаните им се гарантира со членот 114 од Уставот на Република Македонија. Тоа право граѓаните го остваруваат во единиците на локалната самоуправа, општините во Република Македонија утврдени во Законот за територијална организација и Градот Скопје, како посебна единица на локалната самоуправа. Во единиците на локалната самоуправа вклучувајќи го и Градот Скопје, како посебна единица на локалната самоуправа, според Уставот граѓаните одлучуваат за исти прашања од локален карактер, односно Градот Скопје и општините во Република Македонија имаат исти уставно гарантирани надлежности. Притоа, Уставот им ја гарантира самостојноста во вршење на надлежностите, а надзорот над нивната работа од страна на Републиката се однесува на законитоста на нивното работење. Но, со првиот став на членот 117 од Уставот на Република Македонија, на Скопје како посебна единица на локалната самоуправа му се дава посебна позиција. Со него се определува дека организацијата на Градот Скопје се уредува со посебен закон. Оваа одредба од Уставот дава можност за внатрешна организација на Градот Скопје на начин што ќе обезбеди негова функционалност и поделба на надлежностите меѓу Градот Скопје и внатрешните организациони делови т.е. општините. Притоа, морам да нагласам дека позицијата на општините во Градот Скопје, во однос на надлежностите се разликува од позицијата што ја имаат другите општини во Република Македонија дефинирани како единици на локалната самоуправа.

Почитувани пратеници, тоа се уставните и законските аспекти од кои се појде при изготвување на предлогот за донесување на закон за Градот Скопје. Но, притоа мораа да се земат во предвид и некои практични прашања сврзани со остварувањето на локалната самоуправа на подрачјето на Градот Скопје, пред се поаѓајќи од досегашното искуство кое не само што ни дава право, туку не обврзува да најдеме попрецизни решенија за поставеноста на Градот Скопје како посебна

единица на локалната самоуправа што ќе овозможи поефикасно функционирање на Градот и скопските општини како една урбана целина.

И во стратегијата на Владата на Република Македонија донесена 1999 година се констатира дека постојат паралелизми, недоречености, најаснотии во разграничувањето на надлежностите помеѓу Градот Скопје и општините на неговото подрачје што се одразуваат негативно на извршување на работите и на ефикасното остварување на правата и на интересите на граѓаните. Оттаму целта е да се надминат констатираните слабости, а организацијата на вршење на работите од надлежност на Градот Скопје да биде во уставни рамки. Да бидам попрецизен, Градот Скопје изворно е носител на надлежностите од членот 117 од Уставот, а организационите делови извршуваат определени работи во рамките на тие надлежности утврдени со Законот за Градот Скопје. Општините во Градот Скопје како негови организациони делови се предвидени со овој закон пред се како израз на потребата граѓаните поблиску да одлучуваат за прашањата од локален карактер. Целта е да се задржат позитивните придобивки од досегашното функционирање на локалната самоуправа во Градот Скопје, да се надминат многуте слабости констатирани, но и да се обезбеди уставна позиција на градот како посебна единица на локалната самоуправа.

Предлогот предвидува законот за Градот Скопје да утврди работи што ќе ги вршат општините во Градот Скопје, за да може градот согласно неговите надлежности наведени и во Уставот и во Законот за локална самоуправа да се посвети на прашањата што произлегуваат од неговата целовитост и што го определуваат квалитетот на живеење на сите негови граѓани како што се креирање на заедничка развојна политика, утврдување на единствена регулатива и единствени стандарди во вршење на работите и поефикасно остварување на правата и интересите на граѓаните на целото подрачје на Градот Скопје.

Според тоа, Предлогот за донесување на закон за Градот Скопје има за цел да воспостави организација која ќе ја подигне ефикасноста во вршење на работите од јавен интерес на целото подрачје на Градот Скопје.

Почитувани пратеници, законот треба да овозможи Скопје да функционира како еден град што ќе ги обедини интересите на сите негови граѓани и ќе работи на организирање и решавање на сите заеднички прашања. Немаат никаква основа тврдењата дека наместо децентрализација се врши централизација. Уште еднаш, сакам да нагласам дека надлежностите што ги има Градот Скопје произлегуваат од Уставот на Република Македонија и од Законот за локална

самоуправа, што не е случај со општините во Скопје. Оттаму, не станува збор за централизација, нагласувам, надлежностите не ги апсорбира државата, туку тие согласно Законот за локална самоуправа се трансферираат на локално ниво на Градот Скопје, како посебна единица на локалната самоуправа.

Со цел да се надминат досегашните слабости, што најчесто произлегуваат окму поради непрецизната поставеност на Градот Скопје и неговите општини во делот на надлежностите, предлогот содржи одрдби во кои се определени работите што ќе се вршат на ниво на град и оние што ќе ги вршат општините во Скопје. Надлежностите што по својот карактер се недделиви и подеднакво значајни за целото подрачје ќе се извршуваат во Градот Скопје. Како пример, просторно и урбанистично планирање, снабдување со вода, јавниот сообраќај, средното образование, додека работите што се локални и делливи по својот карактер ќе ги вршат општините во Градот Скопје. Може да има различни гледишта за тоа што е локално и делливо, а што е заедничко за целината на Градот Скопје. Предлогот за донесување на закон за Градот Скопје доаѓа од заедничките интереси на градот и неговите граѓани, пред се, врнимава да не се повтори негативното искуство на поклопување на надлежностите, што резултираше со неефикасно решавање на проблемите на граѓаните или пак секој или секоја општина ги решава на свој начин, неводејќи сметка за целината на градот и потребата од единствена развојна политика во сите сегменти на живеење.

Почитувани пратеници, анализата на европските искуства во реализација на главните градови укажува дека не пости готов рецепт што може механички да се преслика. Странските искуства се корисни, но мора да се води сметка и за домашните специфичности. Успехот на концелтот не зависи само од тоа што е напишано во законот. Успехот зависи од вкупните, а особено од економските услови, од желбата да се придонесе градот да се изградува и развива како заедничко место на живеење, од желбата да се соработува независно од политичката, националната или верската припадност. Зависи пред се од почитување на законите, на правото на граѓаните на локална самоуправа, од свеста дека институциите постојат за граѓаните и се финансираат од нивните пари, како и од многу други фактори сврзани со унапредување на демократските односи во земјата воопшто.

Моја желба е, а верувам и на сите граѓани на Република Македонија, Градот Скопје во блиска иднина да не се разликува од другите метрополи во Европа.

Почитувани пратеници, Предлогот за донесување на закон за Градот Скопје предвидува територијална организација со 9 општини во Градот Скопје и едно алтернативно решение. Бројот на општините произлегува од потребата да се дефинираат определени функционални целини внатре во Градот Скопје. Нивната сегашна позиција бара територијална организација која пред се треба да обезбеди ефикасност во извршувањето на работата од локално значење.

Оттаму, Предлогот за донесување на закон за Градот Скопје предвидува зголемување на бројот на општините на подрачјето на Градот Скопје како негови функционални делови од 7 на 9. Со формирањето на уште две нови општини Аеродром, што до сега беше дел од најголемата општина не само во Скопје, туку и во државата, а тоа е Кисела Вода, и општина Бутел што поризлезе како дел од досегашната општина Чаир.

Како алтернатива стои можноста за уште една 10-та скопска општина а тоа е општината Арачиново. Нивното разграничување, исто така, е предмет на овој закон. Дилемите за нивното просторно протегање зошто токму со ова решение, а не поинаку, секогаш ќе бидат присутни, но не се од примарно значење за функционирање на градот во целина.

Одредбите за употреба на јазиците на припадниците на заедниците се во функција на поефикасно остваруавање на правата и интересите на граѓаните. При утврдувањето на начинот на финансирање се поаѓа од фактот дека Скопје е посебна единица на локална самоуправа и претставува единствена просторна, урбана, сообраќајна, општествено - економска, еколошка и административна целина со свои извори на приходи. Распределбата на средствата остварени од изворните приходи на Градот Скопје меѓу градот и неговите организациони делови се предлага да се врши според формула која ќе биде утврдена по претходно усогласување меѓу градот и скопските општини. Се работи на уште попрецизно дефинирање на овој дел од законот со можност прашањето за финансирање на Градот Скопје да биде вклопено како посебен дел во Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа.

Почитувани пратеници, при подготвувањето на овој Предлог за донесување на закон, целта беше да се искористат сите досегашни позитивни искуства, но и да се елиминираат многуте слабости, што во краен случај најмногу ги погодуваат граѓаните на Скопје. Целата е да направиме закон што нема да зодава, туку ќе ги елиминира паралелизмите и судирот на надлежностите, закон што ќе обезбеди услови за градење на единствена развојна политика на Градот Скопје во

правец на изедначување на условите за остварување на правата и интересите на граѓаните, без разлика каде во Скопје живеат, каде работат, каде одат во училиште, каде ги задоволуваат сите други секојдневни потреби. Само како функционална целина Градот Скопје може квалитетно и ефикасно да одговори на уставно дефинираните надлежности и на очекувањата на граѓаните.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Има збор господинот Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам господине претседателе,

Од името на Пратеничката група, барам да се симне стенограмот од говорот на министерот за локална самоуправа господинот Александар Гештаковски и да се даде еден час пауза за да го разгледаме. Ова од причина што се работи за многу важен закон за Градот Скопје, кој претставува 1/4, а можеби и повеќе од населението во Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Значи, барате да се симне стенограмот и еден час пауза.

Ги молам службите да се симне стенограмот и објавувам еден час пауза.

Тоа значи дека ќе продолжиме во 12,20 часот.

(Пауза)

(По паузата седницата продолжи со работа во 12,20 часот)

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Продолжуваме со расправа.

Има збор г-динот Фатмир Асани.

ФАТМИР АСАНИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитуван министре,

Во рамките на Законот за децентализација на локалната самоуправа е и овој закон, каде се утврдува посебната позиција на градот Скопје, како единица на локалната самоуправа.

ДПА ја изразува потребата за донесувањето на овој закон, и да се вклопат забелешките во овој предлог закон кои ќе произлезат од јавната расправа и од парламентарната расправа.

На почетокот ќе констатирам дека во изготвувањето на овој предлог закон Владата ги има нарушено правните аспекти и организационите односно функционалните аспекти кои се предвидуваат со највисоките правни акти, како што е Уставот на Република Македонија, Европската повелба за локална самоуправа и други акти кои произлегуваат од Европскиот совет и други мерѓународни организации.

Ако го земете и го анализирате овој предлог за донесување на законот за Градот Скопје, како нормативен акт, лесно можете да ги забележите разликите кои се паралелни со актуелнит закон што се однесува до техниката на пишувањето, на изготвувањето на овој нормативен акт, од друга страна во внатрешноста се крие една сосема друга состојба, од таа што е дефинирана со Уставот на Република Македонија.

Членот 117 кој го дефинира градот Скопје, како посебна единица на локалната самоуправа, во овој закон, на отворен начин, се сместува дискриминаторската норма, што се однесува до позицијата на општините што со Устав е дефинирано исто, било да се работи за градот Скопје или општините надвор од Скопје, со оглед на тоа што во членот 117 од Уставот се вели - Единиците на локалната самоуправа се општините. Затоа се поставува прашањето на што се заснива предлагачот на овој закон, каде што во член 3 точка 2 од овој предлог се вели дека општините во Градот Скопје, немаат ист статус со општините утврдени со Законот за територијална организација на локалната самоуправа во Република Македонија.

Друга нормативна забелешка на овој Предлог закон, во членот 11 се вели дека во Скопје се утврдуваат општините: Аеродром, Бутел, Гази Баба, Ѓорче Петров, Карпош, Кисела Вода, Центар Чаир и Шуто Оризари, или подолу е дадено една алтернатива на овој член каде се додава и општина Арачиново. Тука се поставува прашањето зошто општините на градот Скопје не се утврдуваат со Законот за територијална организација на локалната самоуправа, како што е во актуелниот закон, туку тоа се прави со овој закон.

Понатаму, во членот 20 од овој Предлог закон, општините вршат неколку работи во областа нанадлежностите на Градот Скопје. Се поставува прашањето, каде отидоа надлежностите на општините. Јас мислам дека дефинирањетона надлежностите на општините се врши во член 22 од Законот за локалната

смоуправа каде се дефинираат изворните надлежности на општините, од кои се и овие дадени во членот 20 од овој Предлог закон за градот Скопје, што сега се обидуваат да се пријават како надлежности на градот Скопје. Но,  се изразува добра волја тоа да им го даде на општините во состав на Градот Скопје.

Јас мислам овој член треба да се избрише, додека во претходниот член 19 од овој Предлог закон каде се дефинираат надлежностите на Градот Скопје, тие треба да се редуцираат и таму да се вметнат само работите од општ карактер кои не можат да се одвојат од општините на Градот Скопје и како такви ќе можат подобро да се организираат и да ги вршат надлежностите. Од друга страна, се поекономични односно ќе се намалат трошоците, во споредба со ефикасноста. Кога го велам ова ја имам предвид позицијата што ја има градот Скопје, според Уставот.

Не можам а да не го спомнам и член 25 и 26 каде се регулира прашањето на финансирањето.

Во членот 25 каде се предвидуваат изборите на финансирање, на почетокот се вели дека финансирањето на Градот Скопје и на општините во Градот Скопје, се врши од сопствени извори што и припаѓаат на градот Скопје, Според ова произлегува дека општините во составот на Градот Скопје, немаат ниту извори на самофинансирање, што понатаму во слендиот член 26, Владата предвидува поделбата на прибраните средства од сопствените извори на Градот Скопје, помеѓу Градот  Скопје и општините во него, да се направи според вистинската формула утврдена претходно и нормализирана со Градот Скопје, и општините на неговото подрачје.

Понатаму, се вели до кога треба да се врши усогласувањето.

Во овие членови Владата признава дека општините во рамките на Градот Скопје се се друго а не општините дефинирани според член 114 и 115 од Уставот на Република Македонија, каде се предвидуваат надлежностите на општините. Можеби ќе биде и подобро оваа идеја Владата да ја изгради на јасен начин во текстот на овој Предлог закон, да не се прекрши хиерарсхиската зависност на актите, почнувајќи од највисокиот па надолу.

Посебен проблем е членот каде се предвидува употреба на јазиците.

Во членот 33 на отворен и јасен начин се прави разлика меѓу официјалната употреба и комуникацијата на Градот Скопје. Значи, во овој член не се предвидува официјализација на албанскиот јазик во Градот Скопје, туку правото за комуникација се врши преку една чудна формулација. Ако во две општини јазикот на заедниците е официјален јазик, апелирам до предлагачот, кај партнерите на коалицијата, посебно

до албанската партија која е на власт, да не сервира вакви циркуски закони, или најмалку што може да се дистанцира од ваквите предлози, кажувајќи ја нивната одговорност и политичката зрелост и национална, посебно имајќи ги предвид обврските земени од гласачите и нивните промотори, значи, и од борците на војната.

Во консултација со експерти за закони, успеав да дознаам дека Владата не ги имала предвид ниту обврските кои произлегуваат од Законот за локална самоуправа, на членовите кои се однесуваат на територијалната поделба, како системски закони, посебно во непрекинувањето на катастарските граници, како што е случајот во Визбегово, и општина Чаир, како нов предлог, што подоцна ќе зборувам малце повеќе. Владата не ги почитуваше ниту критериумите кои самата ги има утврдено како начела врз чија основа ќе се изготви територијалната организација на општините кои претставуваат една географска целина, инфраструктурна, економска, културна, историска, и развојна.

Ќе направам еден осврт за бројот на општините во состав на Градот Скоје и нивните граници.

Ако ги анализираме општините во Градот Скопје, ленсо можеме да констатираме дека Владата има изразено посебно внимание, што се однесува до бројот на општините, кои ги опфаќа градот Скопје, градејќи заштитен механизам по однос на неколку прашања.

Во составот на Градот Скопје, не може да се вметнат општините кои некогаш беа во неговиот состав, како што се општина Сарај, Кондово, Арачиново и Студеничани, со образложение дека тие се рурални општини.

Консултирајќи се со експерти од оваа област, мислам дека тоа не е главното образложение, со огед на тоа што некои од предложените општини во рамките на Градот Скоје, се во една таква состојба, како што е општина Шуто Оризари и еден дел од општина Ѓорче Петров и Бутел. Но, главното образложение е во создавањето на заштитниот механизам кој се однесува на неофицијализацијата на албанскиот јазик во рамките на Градот Скопје.

ДПА е за Скопје со сите општини кои беај пред 1996 година. За основање на општина Кале во границите кои некогаш постоеја, почнувајќи од левата страна на реката Вардар, во делот на општина Центар, недопирајќи ги границите на сегашната општина Чаир. Со ова и нема потреба од основање на општина Бутел како нецелосно решение. Нашите предлози се прифаќаат и од страна на иљандици граѓани од Скопје со околината, со нивниот пристап во протесниот марш со мотото - да живееме заедно со нашите разлики. Испратена е нивна порака против предлогот

на оваа Влада. ДПА исто така да има општини во рамките на Скопје, но тие да бидат со целосни надлежности, засновајќи се на Уставните решенија во членот 114 и 115. Чудните определби на границите на општините кажуваат за една конфузност, за еден предлог кој остава впечаток дека треба да се врши некоја заштитна мисија или гарантирачка мисија на еден сегашен или иден статус.

Не можам да не ја спомнам општината акробатската општина Чаир. Незнам кои беа критериумите. Од каде е појден изготвувачот на законот, но треба да кажам дека овој предлогпретставува најсуровиот израз на изразувањето, инфраструктурната, економската и статуционалната нерамноправност. Никој не може да предвиди вакво решение. Што се однесува до општина Чаир. Кога се однесува до земањето на виталните институции, економските институции, културни и други институции кои се од потенцијален карактер за опстанокот и функционирањето на оваа општина. Но истовремено се израз и иднетитетот на една урбана општина. За оваа состојба јас немам коментар. Ова е една отворена дискриминација на една етничка заедница во полза на другата заедница. Значи злоупотреба на етничкиот критериум во текот на изготвувањето на овој предлог закон.

Апелирам кај предлагачот да ги има предвид сите овие забелешки кои секако се дадени од надлежни луѓе од политиката или од науката дека за ова прашање треба еден поширок политички консензус. На крајот овие се прашања кои призлегуваат од Охридскиот договор каде покрај потребата за една нова организација има една потреба за општа соработка на сите релевантни фактори за да дојдеме до едно правилно решение. Но, за жал, едно такво нешто не е направено со овој предлог закон.

Јас исто така сум свесен дека ниту еден закон не може да ги исполни желбите на сите грани. Но, во овој случај многу јасно се гледа дека овој не ја изразува реалната состојба односно потребата за изготвувањето на целините на општините со карактер незаборавајќи го и елементот на минатата криза.

Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам, г-дине Асани.

Дали некој друг бара збор.

Бидејќи никој не бара збор, ах, заврши, па чекав 10 секунди. Па бидете внимателни.

Повелете г-дине Аднан Ќахил, а нека се подготви пратеникот Коце Трајановски.

Јас ве молам да бидете внимателни.

Деловникот го почитувам, и вие исто така да го почитувате.

Можевте додека траеше дискусијата да се пријавите.

АДНАН ЌАХИЛ:

Благодарам господине претседателе.

Почитувани пратеници, почитуван министре,

Денеска го имаме Законот за Градот Скопје и ќе се обидам во мојата дискусија да кажам неколку ставови во врска со тој закон и тоа што всушност значи законот, иако не би требале да го гледаме изолирано во однос на другите закони за децентрализација, со територијална поделба на другите општини во републикава, иако Градот Скопје има посебна тежина, посебна важност.

Со предложениот закон за Град Скопје, како соствен дел на пакетот закони за децентрализација на локалната самоуправа не се создава можност за вистинска децентрализација на скопските општини, со што и самиот закон е контрадикторен во однос на изнесените аргументи на Владата на Република Македонија дека законот ќе ја обезбеди потребната децентрализација на Градот Скопје.

Имено, со законот се предвидува зголемување на надлежностите на Градот Скопје што можеби имплицира можност за интегрално зајакнување на градот. Но, со самото тоа се создава можност за занемарување и девалвирање на функциите на предвидените скопски општини. Релациите на Градот Скопје со неговите територијални делови би довеле до централизирано и суперуправувачко контролирање на засебните делови. Со самото тоа, посебните територијални делови на Скопје односно општините се доведува до негативно ниво на егзистеницијa и функционирање, со карактеристики и надлежности и потенцијал на рурални средини.

Локалната самоуправа е темелна вредност предвидена во Уставот на Република Македонија во членот 114. Општината е основен облик на локалната самоуправа, во која што се остварува темелната вредност утврдена со Уставот. Решенијата со кои се прави дисктинција меѓу општините во град Скопје и останатите републички општини се неуставни, бидејќи Уставот не познава различни типови на општини. Тоа е она што можеби требаше пред се и над се претходно да се направи, јасна дисктинција на различни можни општини во Уставот, како што и претходно дискутирав, сето тоа да има градски и рурални општини, што очигледно не е

направено при интервенција на самиот Устав, а претставува еден од главннте недостатоци.

Општините во Градот Скопје треба да функционираат автономно. Значи дека секое централизирање на релацијата град - општина ќе доведе до грубо блокорање на децентрализацискиот процес од сите аспекти.

Проблематични се решенијата за финансиско егзистирање односно финансирање на општините во Глава В, Финансирање, каде што се предвидува дека општините на Градот Скопје, како изворни приходи ги имаат само даноците и со нив самостојно располагаат. Сите други приходи се на Градот Скопје и треба да се распределуваат помеѓу градот и општините, според формулата што се утврдува во пат на усогласување. Со тоа општините се лишени од можноста да обезбедат приходи што се прераспределуваат на градско ниво а би апсорбирале приходи само од блок - дотациите. Во таа смисла автономноста на финансирањето на општините би се опструирала и би се дошло во ситуација на целосно парализирање на нивниот систем на самофинансирање. Опасноста од финансиски колапс на општините и третманот на општини со различен статус од другите општини во Република Македонија, во предложената регулатива несомнено постои бидејќи се предвидува градот да решава колку финансиски средства ќе требаат. Значи сите финансиски средства ќе ги собира градот, ќе ги контролира градот, а општините ќе бидат лишени од можноста да ги делат придонесите со градот.

Со вака предвидената измена, јасна е интенцијата на Владата на Република Македонија да воспостави интактна моќ на градската каса, со што општините би се формирале како независни општини без сопствена можност за финансирање и самостојно делување.

Дискутабилно е и регулирањето на надлежноста, каде што на општините не се предвидува изворна надлежност, делегирана надлежност. Со вакво решение не може да стане збор за децентрализација, бидејќи е очевидна тенденцијата за централизирано регулирање на општинските надлежности.

Во предложениот закон се предвидува градот да донесува детални урбанистички планови (ДУП) со што градот би се ставил во позиција мислам градските општини во позиција на организационо зависни делови. Ваквото маргинализирање на функциите на општините е крајно неприфатливо. Како аргумент за централизирање на градот Скопје и постојните општини може да се наведе некоректното решение со кое што програмите за поставување на објекти за урбана

опрема, за уредување и градежно земјиште, за реконструкција на станбените и сервисни улици да се донесува по претходна согласност на градот.

Проблематично е решението за донесување на УП. Со предложениот закон се предвидува донесување на УП да биде во надлежност на градот. Во постојниот закон тоа досега е регулирано како надлежност на општините. Негативноста на ова решение најдобро може да се согледа од практичните искуства. На пример, во општината Гази Баба се реализирани 12 планови на годишно ниво. ИСкуствата говорат дека и порано, пред донесувањето на постојниот закон оваа материја е регулирано но беше евидентна стагнацијата на исполнувањето на плановите. Со предложените измени не се воспоставува позитивно регулирање на овој витален сегмент, туку се создава класична централизација, што секако ќе резултира со неефикасност, нетранспарентност и атрофија на децентрализацијата, што се однесува на урбанистичкиот сегмент. Би се создал правен, административен и  урбанистички хаос, со што состојбите во оваа област би резултирале со крајно неповолни последици.

Во оваа област е потребно поцелосно и поадекватно да се анализира, со спроведување на одржлива методологија за имплементирање на законските решенија во доменот на урбанистичките планови.

Ова, во целина е мојата дискусија во однос на недостатоците во планирањата и пренесување на надлежностите.

Би сакал да кажам неколку работи во врска со можноста, сегашните општини што егзистираат во рамките на Градот Скопје, да се променат нивните граници.

Градот Скопје, секако е еден најважен сегмент во живеењето и економско и културно и секое живеење во рамките на Република Македонија. Мораше, требаше да се направи поадекватна, поширока и посодржајна анализа за потребите и начинот на кој што ќе се врши кроење на други општини или пак правење на други општини во рамките на Градот Скопје. Само ќе се обидам најпластично да кажам што всушност нуди сегашниот закон, а што, можеби, беше недостаток на поранешниот.

Господинот Пенов, градоначалник 8 години во Градот Скопје, со другите градоначалници на општините предлага начин на кој треба да се подели или да се поместат границите на некои општини, вклужително општините Центар и Чаир. Јас, едноставно и отворено ќе кажам, врз кои анализи тоа се прави? Врз Што се прави и какви се проекциите? Што се очекува во иднина да се постигне? Такви анализи не

видов. Ако се има предвид дека во минатото, во изминатиот период ама апсолутно ништо не е направено за таа страна на Вардар, да заживее и економски и политички и културно, ако знаеме дека Камениот мост веќе со години се реконструира, а тоа е очигледно пречка да има комуникација на двата дела на Вардар, јас не гледам како би прифатил ситуација, сега се предлага овој начин, а што ќе се измени? Како ќе се направи тоа?

Јас морам да кажам, бидејќи доаѓам од тој крај, родем сум во Чаршија, живеам во општина Центар, во последно време апсолутно Чаршијата едноставно замира, умира. Ноќе човек да не поминува низ таа Чаршија. Да се уплаши да помине. Една Чаршија што постоеше, работеше, живееше, беше духот на Градот Скопје. Имавме обврска сите ние, без оглед на која партија припаѓаме тоа да го подигнеме на повисоко ниво да биде белег на меѓунационалните односи и живеењето во Република Македонија. Чаршијата едно време живееше. Во последно време, особено во последните десетина години апсолутно оди во надолно ниво, по надолна линија, нема никакви инвестиции, запустена е, нема инвестиции во тој дел, не се прави апсолутно ништо, а сега веднаш се предлага овој дел или дел од Чаршијата да падне под општина Чаир, некој делови да влезат во општина Центар, едноставно да не набројувам како се замислуваат тие граници. Иако мојот предлог, предлогот на ВМРО-ДПМНЕ е да остане во сегашните граници со таа децентрализација, впрочем тоа го кажав и за другите општини во Република Македонија, да заживее децентрализацијата, финансирањето, начинот на пренесување на ингеренциите на власта. Дури потоа, врз основа на тие факти можеме да направиме нешто добро, врз основа на анализи и проекции тоа да биде поделба на општините, врз основа на потребите на сите граѓани во Република Македонија. Не врз основа на политички договор. Не врз основа на дневни побарувања. Туку, врз основа на тоа што е потребно, тоа што во иднина ќе биде двигател, а сигурно ќе се согласите тоа е економскиот момент.

Верувајте, ако нема економски момент нема да има развој. Затоа што јас пак ќе потенцирам сигурно има големо заостанување на тие делови што потпаѓаат под општина Центар, а и под општина Чаир исто и во други општини, каде има нееднаков развој на сите деанија во овие рамки на општината. Сега, во тој период една гарнитура што владеела довела до таква ситуација и оваа гарнитура што пак предлага, предлага да се подели и да се поместат границите на овие општини, без никаква анализа.

Апсолутно не можам да прифатам таква поделба. Јас би прифатил поделба, би прифател решение каде границите ќе се поместат, но само врз основа на подробна аланиза што ќе вклучи во себе анализа на економските елементи, анализа на културните елементи, анализа на тоа што се нарекува развој на општините, вклучително на општините во рамките на Градот Скопје, особено на општина Центар, општина Чаир, бидејќи во последно време имавме мешање на надлежностите кои што, дел од тоа и сега се нуди, дали надлежноста е на Градот Скопје, на општините,  па нормално едни на други проблемите ги префрлуваат. На крајот остануваат некои делови од градот, некои делови од општините со нееднаков развој.

Можеби решение требаше да биде да остане Градот Скопје како целина без општини, но и за тоа немаме соодветна анализа. Можеби требаше предлагачот да даде, врз основа на анализа, неколку можни варијанти за градот Скопје, па дури потоа да одлучиме кои варијанти се најдобри за градот, дали варијантата градот во целина без општини или како што се нудеше со реони, дали варијантата како што се предлага сега, со поместување на границите или варијанта да се остане во постојните рамки, во постојните граници? Затоа, можеби најдобро решение е да се остане во сегашните рамки на градот Скопје за да се практицира децентрализацијата, што сепак ја донесовме, во сверата на фискалната децентрализација, да заживее, да имаме пренос на ингеренциите и од другите сфери, образовна, културна, па да видиме каде што функционира, каде што фали. На кој начин тоа ќе го решаваме. Дури потоа да одиме да делиме или да поместуваме на границите на постојните општини или да предложиме закон што едноставно ќе биде многу добар, прифатлив за сите граѓани во Република Македонија.

Верувајте, доаѓам од таа средина, тие граѓани никој не ги прашал. Не ги прашал дали сакаат или не сакаат. Им се сервираат информации од овој или оној тип. Тие информации не би требало да се сервираат на таков начин. Општините, раководствата на општините, а уште повеќе раководствата и градоначалникот на град Скопје треба да се интересираат подеднакво за сите граѓани во градот Скопје. Тоа денеска не се случува. Не треба човек многу паметен да биде, туку едноставно треба да почне од една страна на Скопје на релацијата север-југ и исток-запад, да помине па да види дека Градот Скопје не се развива еднакво. Длабоко треба да се запрашаме зошто е тоа нееднакво развивање на Градот Скопје? Зошто се случуваат тие работи што се случуваат? Зошто замрува животот во Чаршијата, што е белег на

Градот Скопје? Морам да направам една паралела. Ако може белег на Сараево да биде Баш Чаршија што е само една улица од нашата Чаршија, мораше да имаме сенс таа Чаршија да ја доведеме на пиедестал, монумент, или она што е обележје на Градот Скопје. За жал, тоа не е така. Не е така поради икс причин. Можеби не е време сега да елаборираме зошто е тоа така. Можеби е добро во иднина да се стави на дневен ред, да видиме што се случува, зошто тоа е така направено? Тука да постигнеме консензус за да можеме сите делови на Градот Скопје да ги развиваме подеднакво.

Не сум убеден, врз основа на кој предлог и врз основа на што е направено тоа, дека ваквата поделба на општините, каква што се предлага сега ќе доведе до напредок, ќе доведе до ситуација да имаме подобри општини. А, кажав некои недостатоци во врска со организационата поставеност во релациите внатре во општините и релацијата општини - Град Скопје, дека ќе имаме напредок? Апсолутно тоа не држи. Би требало, пак ќе повторам, да останат сегашните општини, со тенденција, кога ќе се имплементираат сите овие решенија, во сите закони за децентрализација, да се тргне кон правење на општински граници или како ќе се договориме за начинот, каде што општините стварно ќе живеат за народот и од народот, за граѓанинот и од граѓанинот, без разлика на неговата етничка припадност или неговата етничка заедница.

Овде, чувствувам дека тоа е направено на дневно-политичкки потреби и дека заедниците не се консултирани. Во општината Центар, некаде 5% се Турци. Со оваа поделба тој процент се намалува. Со делење на општината Чаир на Бутел и Чаир, процентот што е исто така меѓу 4 и 5 ќе падне подолу. Некој ќе каже - што ако? Точно, што ако?! Но, сведоци сме дека досега сите работи што произлегуваат, сите придобивки што треба граѓанинот да ги ужива се гледаат низ призма на проценти. За жал, така е. Ако мене ме прашувате, не треба да се гледа низ проценти. Но, за жал така е а не треба така да биде. Затоа ваквиот предлог не треба да помине.

Не треба да помине затоа што треба да се има сенс да се прашаат сите граѓани во Градот Скопје, особено во делот каде се прави најголема поделба, сите етнички заедници дали се или не се за оваа поделба или на овој начин. Навистина не гледам на кој начин деловите од Центар ќе се префрлат во Чаир, а деловите од Чаир во новоформираната општина. Затоа што, ако се направи паралела, ако се формира општина Бутел, зошто тогаш не се формира општина Драчево? Или други општини, ако е само поради границите или економското живеење или самостојноста или потребите на граѓаните? Сигурно и општина Драчево си има свои потреби, своја

логика на живеење, своја економска логика на опстојување и сигурно ќе има извори на кои што ќе може да опстане. Сите овие работи не се прашани, не се направени.

Заради сите тие факти, а бевте сведоци пред некој ден јас интервенирав кога беше Законот за култура, еден објект што беше едно време пошта, што е под заштита на историските споменици се рушеше за да се направи диско клуб или кафеана. Ако не реагирав, ако не реагираа граѓаните, ќе се отидеше и без тоа да се направи. Значи, апсолутно се нема сенс за тие потреби, за потребите на граѓаните, за културните вредности и мора да се има чувство во таа насока, да се праша граѓанинот, со нив да се консултира што значи поделба на општините за да сите тие граѓани се почувствуваат како дел на таа општина, дел на она што се нарекува општинско живеење, бидејќи тоа е секојдневие.

Не знам која е логиката дел од Чаршијата или дел од Центар да се префрли во Чаир, кога седиштето на Чаир и седиштето на Центар се на еднаква далечина? Не велам дека можеби нема потреба. Но, тоа треба да биде плод на добра анализа. Таква анализа за Градот Скопје, за поделба на општини не постои, не егзистира. Да имаше, можеби и јас ќе прифатев таква поделба. Но, пак ќе повторам, мора да се прашаат граѓаните, заедниците кои традиционално живеат тука, традиционално тоа се прави, а ќе се согласите дека во Европа традицијата игра важна улога.

Само ќе напомнав дека во Европа, големите градови, иако не треба да се мериме, се глед колку генерации наназад е кандидатот за градоначалник. Сигурно, апсолутно не може да биде градоначалник на Градот Скопје, на Куманово или било кој ако нема традиција, корени наназад. За тоа нема аргументи. Едноставно политичките потреби, дневно политичките потреби налагаат дека тоа така треба да биде што е апсолутно неприфатливо за решение. За мене ќе бидат прифатливи решенија кога ќе се донесе добра анализа, добар предлог, на крај ќе кажам предлог кој ќе нуди добри решенија, неколку можни решенија за сите граѓани, со консензус да се прифати. Сепак, тие граѓани треба да живеат во тие општини, во градот, за да нема тензии, за да нема препукувања меѓу заедниците што очигледно сега ги има. А, нема потреба да има. Бидејќи општините се формираат поради потребите на граѓаните, со непосредна работа на терен,  поради потврди за изградба, потврди во секојдневниот живот.

Ако тоа не се реализира, ако тоа не се направи, ако за тоа се нема сенс, мислам дека донесување на закон, ваков закон, ваков Предлог на закон за територијална поделба на Градот Скопје е неприфатливо решение.

На крајот би апелирал до предлагачот, прво, да го повлече овој закон, да се оди на децентрализација со принадлежностите со текот на времето со јавна расправа, со неколку предлози да се даде една јасна слика, што сакаме од Градот Скопје, колку општини, какви општини или Град Скопје со каква управа и дури тогаш да се оди на кроење на идните општини, ако бидат општини, или пак кроење на еден Град Скопје со делови во рамки на градот, со јасни прецизирани нагласени принадлежности на градот на општините и сите тие што учествуваат во рамките на животот на тие општини, а тоа се граѓаните во Градот Скопје. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Аднан Ќахил.

Има збор пратеникот Зоран Крстевски, а нека се подготви пратеникот Ружди Матоши.

ЗОРАН КРСТЕВСКИ:

Почитуван претседателе на Собранието, почитуван министре за локална самопурава, почитувани колеги,

Мојата дискусија на почетокот на дебатата околу законот за Градот Скопје ја започнувам со една дилема дали овој закон навистина е во согласност со нашиот уставен поредок, дали ние всушност, со носењето на овој закон опстојуваме на прокламираната политика за децентрализација, бидејќи и покрај дефиницијата во Уставот на Република Македонија за Градот Скопје, како посебна единица на локална самоуправа, законот кој ни е предложен, општините во рамките на Градот Скопје ги третираа ни како риба ни како девојка, што би се рекло, час се општини, час се делови на Градот Скопје.

Од тука, за Владата на Република Македонија, односно за предлагачот е битно да ги расчисти овие дилеми бидејќи од дефинирањето на тоа дали општините во Градот Скопје ќе ги имаат атрибутите на правно лице, ќе ги имаат атрибутите на општини, или ќе имаат изворни надлежности, во многу ќе зависи надминувањето на проблемите кои катадневно се јавуваат на релации помеѓу градоначалник на Скопје и Советот на Град Скопје и општините. Денеска Скопје е еден од ретките градови или главен град на една самостојна држава во која во центарот газите кал, во која не

знаете која канализација кој ја започнал и кој треба да ја заврши, кој треба да ги чисти улиците, кој треба да ги полива цвеќињата, се е нешто измешано и навистина, беше момент со овој закон врз основа на проблемите кои ги имаат граѓаните во Скопје да излеземе со посистемски решенија, со закон кој ќе ги надминува овие проблеми. За овој закон важи онаа констатација дека многу малку е анализирано и појдено од искуствата за организација на поголема урбана средина, посебно на градови кои се главни градови и во него доминира еден волонтаризам со кој се помешани поимите, што е градско подрачје, со што е дефинирано, а за Скопје тоа е Генералниот урбанистички план, што се приградски населби, што се рурални населби околу Скопје и затоа овде ќе има недоследности, дадена е на пример алтернатива членот 11 за Арачиново, кое е село во близината на Скопје и се предвидува да биде приклучено кон Скопје, а исто такви на другата страна досегашни општини, како што е Сарај, Кондово и тн., остануваат со еден друг статус. Тоа повторно зборува дека постои етничко политички договор за да се направи да помине овој закон во Собранието бидејќи ако појдеме по уставната дефиниција и по она што значи присуство на етничките заедници во Градот Скопје, јасно е дека Скопје, така како што  Уставот го дефинирал, треба да се третира како една целина и прашањето за употребата на јазиците да се третира како за целиот град.

Овој закон ќе доведе до недоразбирање, повторно ќе се отворат дебати околу тоа која општина може да се формира и со каква структура на население, се со  цел да се достигне овој процент, кој по основ на Уставот за општините во Република Македонија  треба да важи, меѓутоа заради дефиницијата на Градот Скопје како единица од посебен локален тип, не може да се примени и тука мислам дека ќе дојдеме во оедна колизија. Овој закон на вака дефинираните надлежности на Градот Скопје, се поставува прашањето дали не треба еден чекор повеќе кон централизацијата, бидејќи де факто се одземаат и некои досегашни стекнати изворни надлежности на општините во Градотг Скопје, што се покажаа и како добри во поодделни општини, бидеји зависеа од иницијативноста на граѓаните, зависеа од менаџерските способности на подделен број градоначалници на Градот Скопје, но очигледно,  не конвенираа на Градот Скопје, на неговиот градоначалник, секогаш имаше судир на надлежности и интереси кога се работеше за утврдувањето на деталните урбанистички планови, секогаш кога се работеше за поврзување на одредени комунални и други инфраструктурни потреби кои поминуваат повеќе од една општина.

Градот Скопје со својата специфика заслужува да има посебен третман, со оглед на тоа што претставува административен и државен центар. Секаде во светот се обрнува внимание и посебен статус добиваат општините каде што се лоцирани таквите државни институции. Во нашиот случај тоа е општина Центар и за неа се води посебна политика, бидејќи ги надминува само потребите на граѓаните кои живеат тука, имаа многу позначајни функции кои тие општини треба да ги задоволат. Ние денеска сме сведоци дека Градот Скопје во централното градско подрачје не функционира добро. Било кој државник да дојде, било кој гостин во Македонија да дојде, тој треба да има специјален третман во пристапот кон Собранието, или кон некоја државна институција, целиот град трпи, сите улици се блокирани, едноставно сообраќајот е запрен. Така да овој закон требаше на одреден начин да го дефинира и тоа прашање, бидејќи од тоа многу зависи и натамошниот да речам, изглед на Скопје и нашето претставување пред меѓународниот фактор и се почестото присуство на странци, било како туристи, било во некое друго својство во Градот Скопје. Со овој закон, очигледна е намерата на Владата да ги централизира средствата во градската каса, со тоа да се создаде моќна функција и веројатно се надева тоа да го направи преку  оваа форма да ја задржи власта во градот, меѓутоа, тоа ќе доведе до нови политизации, бидејќи досегашните искуства покажаа дека во општините, граѓаните се определуваат за различни политички опции, меѓутоа, односот на централата во градот, на градоначалникот во Скопје е различен во зависност во која политичка опција припаѓа и на која сака повеќе да и даде значење. Тој однос се пренесува и на другите функции во градот, кога се работи за комуналните функции, посебно кога се работи за Електростопанство. Бевме сведоци по партиска линија, во едни населби се пушта струја, во други не се пушта струја. Навистина, сето тоа ги засега граѓаните и мислиме дека  редно е да се надминат, бидејќи целта и основата на организацијата на локалната самоуправа е токму тоа, интересите на граѓаните да бидат во прв план, а не политичките опции и меѓусебната конкуренција, која не бира средства кога се работи за тоа како да се намали улогата на градот.

Градот Скопје има една историја на ширење, која најмногу влијаеше после земјотресот и како ретко кој град во светот енормно го зголеми бројот на жители, тоа беше еден концепт погрешен, пред се заради тоа што големите индустриски капацитети во текот на седумдесетите години се градеа во и околу Скопје. Денеска ја плаќаме таа цена на загаденост, фабриките ни дојдоа во центарот и навистина преку овој концепт треба нешто повеќе да се направи за екологијата, нешто повеќе

да се направи за дисперзија на дел од загадувачите во Скопје, бидејќи навистина тоа е едно значајно прашање и за здравјето и воопшто за функционирањето на градот.

Во градот има еден многу голем проблем, кој се сведува на новогодишната изградба на таканаречените диви градби, посебно во приградскиот дел, во руралниот дел и може да се каже дека Скопје де факто на одреден начин е дејрутизиран. Ако ги погледнете оконите села околу него ќе видите дека ниедно од тие не се урбанизирани, не се решени фекалните и другите канализации, не се решени водоводите, доводите и тн. и сето тоа дава една грда слика и неможност Градот Скопје да реализира некои од клучните проекти. Скопје со години се мачи да го реализира проектот кој е и меѓународно поддржан од Пактот за стабилност и од Европската унија за заобиколницата како основен транспортен коридор, кој треба да овозможи тешките камиони и оние кои немаат потреба да поминуваат низ Скопје да го заобиколат и навистина, со овој закон, ние нема да помогнеме бидејќи во дел од од надлежностите кој овој закон ги продадава на Градот Скопје е во колизија со законот за градежното земјиште, така да мислам дека треба во таа насока Владата во финалниот закон да ги испита релациите меѓу овој закон и законот за градежно земјиште, бидејќи на тој начин треба да се создадат подобри законски основи и што побрзо да дојде до експропријација на тоа земјиште и да се ослободи тој коридор, бидејќи меѓународните средства веќе подолго време не можат да дојдат.

Кога се работи за оваа организација на општини, се поставува прашање навистина, врз кои принципи се сакало некои постоечки општини да се поделат, како што е примерот со Кисела Вода која во Македонија е општина која долго време беше најголема општина по територија и навистина, добро е да се подели, меѓутоа, логиката на нештата подразбираат да се дели по катастарски парцели и од тука ни е несфатливо зошто не се предлага една општина Драчево, која функционално по начинот на организација има можности да се организира, не гледам причина зошто треба да се организира Аеродром како посебна општина и мислам дека тука предлагачот треба да размисли и можеби и врз основа на влојата на граѓаните кои ја искажуваат, можеби и тој дел од Повелбата на Советот на Европа околу локалната самоуправа да се почитува и тој факт.

Едно од најболните прашања на Скопје е прашањето на времените објекти. Овој закон исто така, во тој поглед не е дециден, не се знае што се изворните надлежности на општините, дали тие и понатаму ќе имаат право да даваат времени објекти, или се што во таа насока ќе се прави, мора да биде во согласност или со

одобрение на градот. Мислам дека тоа се нерационални решенија, бидејќи животот наметнува и такви потреби, со оглед на тоа што не можеме преку ноќ да го изградиме градот и нормално е, секаде тоа во сите поголеми конгломерати, постојат такви решенија, но сведоци сме дека тие решенија во наши услови се политички мотивирани помеѓу бизнис лобијата во партиите и околу градоначалниците и затоа денеска во Скопје имате објекти кои носат наслов времени објекти, меѓутоа по функциите, градбата и начинот на кој ги стекнале правата таму да градат, всушност, извршиле узурпација на градот. Значи има многу прашања кои од системски карактер, од уставно правен карактер, од карактер на интенциите на Законот за локална самоуправа, кој веќе го донесовме, што треба да ги издискутираме, пред да тврдиме дека ова решение кое денеска е пред нас е добро и дефинитивно. Во таа насока го задржувам правото, врз основа на некои дискусии, повторно да се јавам, бидејќи ќе извините, но и ние кои сме пратеници во Скопје, сакаме нешто повеќе да направиме за сопствениот град и во таа насока се надевам дека сите ќе дадеме свој придонес. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Пред да дадам реплика сакам нешто да кажам.

Ги молам службите, отидете до местото на госпоѓа Ристана Лалчевска и да видите дали е таму нејзината картичка.

Госпоѓа Ристана Лалчевска не е тука , а пријавена е. Некој го узурпира уставното право на госпоѓа Лалчевска, да ја пријави и да гласа во нејзино име. Јас тоа повеќе нема да го толерирам.

(Реакција од координаторот на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ).

Не беше тука кога се појави нејзиното име. Немојте, ве молам . Јас овде тоа го следам. Незнам кој ја пријавил. Само предупредувам дека на тој начин се злоупотребува и се крши Уставот. Приајвена е кога не беше тука.

Процедурално за збор се јавува г-динот Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Претседателе, би сакал да имате предвид, бидејки, бироата , иликако да ги наречам, се многу мали. И мене често ми се случува, од големиот број на материјали што ги имаме, да притискаме и така да се вклучиме или да се исклучиме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Коце Трајановкси немојте да раскажуваме прикаски за мали деца.

Господине Шапуриќ имате реплика.

ЗОРАН ШАПУРИЌ:

Ќе се обидма во три минути да му реплицирам делумно на г-динот Крстевски чие излагање во многу работи е нејасно односно контрадикторно.

Во еден дел од својата дискусија, на почетокот, тој се залага за целовитоста на градот, значи да нема општини, за понатаму да ги глорифицира резултатите на одредени општини односно ги негира резултатите на оделни општини, така што остана нејасно за кој концепт всушност тој се залага.

Исто така би сакал да му кажам дека постојниот, сеуште важечкиот Закон за Градот Скопје, и покрај тоа што има одредени слабости, сепак јасно ги дефинира надлежностите помеѓу општиние и Градот, посебно за она што алудираШе околу улиците. Значи главните, магистралните улици се во надлежност на Градот, а сервисните, споредните, собирните улици се во надлежност на општините. Во тој дел се јасни ингиренциите на Градот и општините.

Исто така сакам да му кажам дека ниту Градот ниту општините, значи локалната самоуправа, нема никакви ингиренции врз Електростопанство, што го спомна во своето излагање , бидјеки тоа е државно јавно претпријатие. А за организацијата на градовите, на големите градови во светот, како и за тоа дали Драчево треба да бид еопштина или не, за аргументи за и против, ќе одговороам во мојата дискусија, бидејки сега немам време.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Крстевски имате контра реплика.

ЗОРАН КРСТЕВСКИ:

Јас сум многу јасен ако се прифати законот за децентрализација, и општините во Скопје треба да добијат изворни надлежности, исти како Кичево и Струга и другите. Тоа е едно.

Второ ако сакала Владата да предложи во степеност и да го централизира Скопје, требало тоа да го обезбеди.

Во паркови и зеленило кога беше заменик директор Шапуриќ, изгоре тревата во Скопје и видовме како општина Карпош побара сама да ги уредува односите. Зборувам за релациите меѓу градот и општините.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Гештаковски.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Би сакал јасно и гласно уште еднаш да кажам, општините во Градот Скопје во своите надлежности не можат да бидат и не се исти и денес ниту со една друга општина во Република Македонија , ни со Старавина ни со Конопиште. Тоа треба да му биде јасно, особено на пратеникот Зоран Крстевски. Кои сакате примери да ги земеме, кои надлежности, изворни,од член 22 да ги земеме. Истите надлежности ги има и Градот Скопје, за кои зборуваШе и г-динот Крстевски. Градот Скопје на граѓаните треба да им овозможи приближно исти услови, но од тој дел. Еве да го земеме урбанизмот. Како ќе ги распределиме надлежностите меѓу Градот и општините, тоа е прашање на функционирање. Општината Старавина носи генерален урбанистички план, носи просторен план, носи детални планови. Градот Скопје мора да го носи просторниот план на Градот Скопје, мора да го носи генералниот урбанистички план. Виталните урбанистички планови, дали ќе ги носи Градот, по претходно мислење на општината, или ќе го ставиме решението, да ги носат општините, врз основа на одредено мислење, како што е досега, од Градот, тоа е рпашање на функционирање.

Господинот Зоран Крстевски кажуваше дека во тој дел не функционира Градот. Ние сме свесни за урбанистичкиот хаос. Сите овде зборуваме, и граѓните, за урбанистичка мафија. Во Градот Скопје општините се занимаваат само со измени и дополнувања на генералниот односно деталнит еурбанистички планови. На секој чекор изникнуваат нови згради без концепција. Тоа е прашање штојас гоистакнав.

Ако влеземе во другито дел, еве на пример во културата. Со културнит еобјекти од областа на локално значење, ќе стопанисуваат општините кои ќе се определат со законот за територијална организација. Во Градот Скопје ќе имаме дел на објекти од културата, во надлежност на Градот, ќе имаме дел во надлежност на општините. Градот е целина. Градот мора да функционира како целина.

Понатаму ако сакате во спортот. Скопје ќе има спортска сала за сите граѓани. Каде ќе се наоѓа таа, ќе биде во рамките на генералниот урбанистички план. И мора

да се обезбеди пристап на објектите кои се од интерес за граѓаните. Тоа е јасна работа. Досегашното функционирање не дава резултати. Инсистирањето на изедначување во дел на надлежностите, нема никаква логика и тука треба да бидеме на јасно. Како ќе ги распределиме надлежностите, тоа е друго прашање. Да направиме Градот да функционир акако целина.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Крстевски три минути реплика.

ЗОРАН КРСТЕВСКИ:

Во овој закон треба токму да се надминат недоразбирањата околу постапката, дали Градот има уставни надлежности, изворни, кога се работи за урбанистичките документи и дали тие ги пренесува на општината, дали може да ги отстапи.

Меѓутоа овде минситерот предвидел општините во Скопје да не се ни правно лице. Така што, се поставува прашање што всушност се општините, која е логиката, бидјеки пак на пример во делот за примената на одредбите за јазици, сепак ги третира по законот за локална самоуправа. Тоа е што треба да се расчисти.

Второ, по законот за градежно земјиште Скопје нема надлежности. Јас зборував за дека треба да се надминат одредени колизии меѓу овој предложен закон и постоечката регулатива, ако се сака тоа да биде , тоа што денес се предлага. Според тоа , има отворени прашања и во разработката на овој закон може да се размисли и да се најдат по соодветни решенија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете минситре.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Тука, во оваа прва фаза би сакал да укажам на конструктивните забелешки во делот на можните законски решенија.

Ако расчистиме дека општините во Скопје не се исти во своите надлежности, во делот на остварување на правата, а додека во другито дел имаат ист правен статус , мислам дека во тој дел ќе направиме функционирање на Градот Скопје и надминување на одредени недоречености кои се проблем во функционирањето.

Се јавив повеќе да кажам дека согласно Законот за градежно земјиште општините немаат никаква надлежност во длеот на располагањето, управувањето и

доделувањето . Се работи на решавање на системското решение, во дел на градежното земјиште кое е опфатено со деталните урбанистички планови, да се даде на пренесување, на располагање на општините, во тој случај и на Градот Скопје. Градот Скопје нима никаква врска со заобиколницата во делот на расчистување на имотно-правните односи. Тоа е системско прашање кое е решеново Законот за градежно земјиште, во делот на распоалгање и управување со градежното земјиште. Тој е проблем што мора овој Парламент да го реши, дали во дел на пренесување на целосно располагање или дел на долгорочен закуп , на располагање, како еден многу важен сегмент за функционирање на локалната самоуправа.

Инсистирањето на пратеникот е спротивно на решенијата на законот за градежно земиште, што ги нуди. А да се размислува за тоа, потполно се согласувам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има реплика г-динот Најдовски.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Во првите две дискусии се насетува расправата која ќе биде за законот за Градот Скопје. Наместо да се дискутира за законот, ќе се дискутира да се омаловажи се што е во Скопје и да се омаловажуваат поединци.

Човек просто да слуша , правдајки ги пред некој ден како треба да опстанат некои мали општини во Република Македонија и фалејки,опозицијата, нивните достигнувања, сега напаѓајки она што е во Скопје, очекувам за кратко време, во тие места, да речеме во мојата општина Бистрица, ќе достигне м2 1500 евра за стан во Скопје, може да биде 100 евра, бидјеки многу не чинело Скопје. Но, сакам да кажам една контрадикторност.

Од една страна сака да се каже како, заради немање соработка меѓу градоначалникот и останатите градоначалници и конфликтот меѓу градоначалниците во Скопје и градоначалникот на Град Скопје, има голем број проблеми, а од друга страна постои залагање и понатаму Скопје да биде поделено на општини. Логично е , ако досега се констатирала таква спротивставенсот, тогаш да биде залагањето Скопје да биде без општини.

Второ состојбите во Скопје не се резултат од година две или пет наназат Состојбите во Скопје се резултат на државната политика во изминатите години во Република Македонија 20, 30 години наназад, затоа што Скопје стана единствено

развиено место во Македонија. Затоа ние, сакале или не мораме да признаеме . Се е концентрираново Скопје. Сега немојте вие Скопјани да се жалите на тоа. Сакате се да има во Скопје, а од друга страна за се друго сакате да решаваат останатите општини и градови во Република Македонија. Тоа не може. Што сте направиле. И вие сте воделе Влада, и минситер сте биле, еден дел да децентрализирате од Скопје. Ирска ја спомнувате. Па во Ирска има министерства кои се низ сите градови во Ирска. Што сте направиле вие за тоа. Затоа, мислам претседателе и вие да реагирате, да се насочи расправата за Градот Скопје. За тоа дали имало кал или немало кал , ќе има локални избори и кој ќе се кандидира ќе си излегува тогаш со своја програма, како ќе ги чисти улиците, што ќе прави едно комунално претпријатие, две комунални претпријатија. Тоа е друга работа, Сега да се сконцентрира расправата за законот за Градот Скопје.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Немате право да ми замерувате и да велите да ја насочам расправата. Се знае што е точка на дневен ред, а претпосавувам дека за состојбите во Скопје, се некои аргументи , зошто сметаат дека ваква територијална реорганизација е потребна или непотребна.

Повелете г-дине Крстевски една минута.

ЗОРАН КРСТЕВСКИ:

Јас се обидов да отворам дилеми од правен и од функционален аспект на Градот Скопје, така како што јас ги гледам и кој сака може да ме демантира.

Кога зборуваме за овојзакон не може законот да дава право на Градот и општините под закуп да дава градежно земјиште, кога со законот за градежно земјиште, знае минситерот дека не имприпаѓа тоа. Според тоа од тојаспект ако може да ги расчистиме дилемите и релациите во Градот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Оровчанец имате реплика на излагањето на г-динот Гештавоски.

ЃОРЃИ ОРОВЧАНЕЦ:

Од она што можев, од овие неколку дискусии и реакцијата на минситерот, да го забележам, практично е една неконзистентност во креирањето на локалната самоуправа во Република Македонија .

Во некои дискусии за кои сум јас поборник, а сега на некои индиректен начин овде ги наговестува господинот министер, дека не е исто она што е Град Скопје и т.н., со другите градови, па нешто поинакво да се нуди поинаку, мислам дека не постои конзистентност на целиот систем.

Добро ќе беше, токму и јас за тоа се залагам, тие работи на некој начин да бидат издефинцирани односно да имавме и категоризација и деиференцијација на самите општини и во тој принцип ингиренциите на локалната самоуправа,на некој начин би биле и различни. Сега наеднаш околу Градот Скопје , очигледно Владата во креирањето на овој закон за Градот Скопје почнала од една друга појдовна точка , Градот да биде една целина, па потоа преминала кон нешто друго, за да ја задржи суштината на конзистентност и некој начин компактибилност со законот за локална самоуправа како закон над овие закони. Мислам дека тука немаме срećни решенија и апсолутно се согласувам дека оваа работа не е добро издефиренцирана. И восамото зборување и наговестувањето и желбите на министерот околу ова прашање да се дојде до правилно решение, практично немаме најцелисходно решение. Мислам треба по децидно и појасно д абид еизложено од страна на минситерот, овој концепт, затоа штоовој концепт треба да содржи една генерална целина од која може да произлезе една правна конзистентност на локална самоуправа специфична за Градот Скопје. Меѓутоа, тоа ќе можеше многу подобро да се нарпави доколку имавем една диференцијација и категоризација на општините во Република Македонија .

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Збор има г-динот Гештаковски.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Потполно се согласувам со вас, доколку имавме друг уставен модел на локална самоуправа.

Би сакал да укажам дека во Република Македонија , согласно Уставот имаме едностепена и монотипна локална самоуправа. Немаме повеќе степена и политипна. Ако имаме политипна, тогаш иамме различни видови на општини со различни надлежности.

Јас како минситер и како член на Влада, должни сме да го спроведуваме Уставот на Република Македонија . Вез основа на Уставот на Република Македонија е донесен Законот за локална самоуправа вокој како единици на локална

самоуправа се предвидени општините како монотипни, со исти надлежности и врз основа на тие решенија во Законот за локална самоуправа е понуден делот на понатамошна реформа на локалната самоуправа.

Би сакал да ви укажам, како посебна единица на локална самоуправа е Градот Скопје, врз основ ан ауставнотор ешение како главен Град, врз основа на неговите специфики во културен, економски,спортски, финансиски сцентар.

Во членот 117, мене ми е жал што не го слушавте моето воведно излагање во кое ја објаснив уставната позиција. Можеби и повеќе зборував за уставната поставеност на Градот Скопеј, како посебна единица на локална самоуправа и ако сакате уште еднаш ќе ви го прочитам член 117 , став 1 со кој Градот Скопје се разликув аод другит еединици на локална самоуправа вели вака: “Градот Скопје е посебна единиц ана локална самоуправа, чија организација се уредува со закон”.

Градот Скопје ние мораме да го уредиме како една целина, а во интерес на граѓаните. Понатаму вели  - со Градот Скопје управуваат граѓаните на Скопје избрани на непосредни , фер и демократски избори. Во Градот Скопје се избира градоначалник на Град Скопје. Градот Скопје ги извршув аоние функции кои се заеднички во интерес на сите граѓани.

Ние на граѓаните на Скопје сме должни, во рамкит ена економскит еможности да им обезбедиме приближни услови на живеење за што зборуваше г-динот Крстевски. Тоа е надлежност на Градот. Врз основа на тие надлежности , основниот проблем , или основниот дел на решавање на тој проблем е правилен распоред на надлежностите меѓу градот и општините.

Тоа е основната функција за функционирање на градот. Тоа се обидуваме да го направиме. И во општините , за прашање од локално значење ќе одлучуваат советниците и градоначалниците. Мора да направиме надминување на оваа состојба во која, и вие сте убедени, Градот Скопје не функционира како целина. Една од причините е неусогласеноста, недобрата поделеност на надлежностите меѓу градот и општините што мораме да го направиме во рамките на нашите можности.

Пак ќе повторам, неможе општината во Скопје да е иста како Битола, како Тетово, бидејќи животните надлежности, тоа се прашања од животот, погледнете го членот 22, добро го знаете, на пример делот на здравството. Би сакал да ви укажам на здравството. Скопје, како град мора да има свои медицински институции на ниво на град, за целина на градот, а додека во општините, доколку сметаме да имаме

амбуланти итн, ќе ги организираме. Г-дине Оровчанец мислам дека вам ви е добро познато што значи децентрализација и трансфер на надлежностите. Во Законот за измена на законот за здравствена аштита, во Законот за просторно и урбанистичко планирање, во Законот за изградба на инвестициони објекти, во Законот за средно образование, во Законот за основно образование. Кога зборуваме за трансфер на надлежности, градот Скопје го третираме на посебен начин.

И кај мене како министер и на Влада е прашањето и за сите пратеници како ќе функционира основното образование во градот Скопје доколку е во надлежност на градот, кога имаме целосни, исти стандарди, приближни стандарди, бидејќи сте свесни и познато ви е дека во градот Скопје се живее на едно место каде Генералниот урбанистички план (ГУП) определил дека Карпош и Кисела Вода во основа ќе се живее, Центар е бизнис, Гази Баба на индустрискиот развој. Градот мора да има свој дел од развојот. Основното образование, како пратеници треба да кажеме во чија надлежност подобро ќе функционира? Средното образование? Несмееме да направиме граници во Градот Скопје, како што сега се обидува да се направи. Не смее "Партизанска" да е граница меѓу Центар и Карпуш. Градот мора да функционира.

Затоа правиме напори меѓу тие надлежности да направиме форми, со овој закон на меѓусебна соработка и усогласување меѓу делот на градоначалникот на Скопје, за што мораме да кажеме дека нема да има надлежности нема ни средства. Сега, во делот се прават скромните средства, се делат меѓу општините и градот врз непринципиелни основи. Тоа е нашата основна цел во многу важните свери на живеење на Градот како целина. Бидејќи во сите свери, ќе повторам, мораме да го држиме духот и функционирањето на градот во интерес на граѓаните. Почнувајќи од градскиот сообраќај. Никако не станува збор за дел на централизација. Во никој случај не станува. Само, прашање е како ќе функционира. Јас не би сакал да ве заморувам и да ви кажувам кои се моделите на функционирање на главните градови. Според нашата уставна определба, Градот Скопје како посебна единица може да има само два типа на организација:

Така наречениот унитарен модел, Град без општини, без никакви општини, без никаква внатрешна форма на локална самоуправа. Тоа е за градови од 300 илјади, 250 илјади. Така велат експертите.

Вториот тип е дуалистички модел, што значи поделба на надлежностите. Надлежностите се исти. Ќе повторам да биде јасно, тоа што го има Конопиште го има и Скопје. Се мисли на граѓаните во исти свери. Тоа е дуалистичкиот модел, да

направиме рамномерен дел, баланс на надлежностите на градот и општините, независно од која политичка провициенција е градоначалникот, дали на општината или на градот.

Најмалку би сакал да кажам дека има политичка боја, дека централизацијата на градот е за да победи Коалицијата “за” или кандидатот на СДСМ. Тоа го кажа г. Крстевски. Вие знаете дека на изборите ќе победи оној кому граѓаните ќе му ја дадат довербата. Независно кој градоначалник е, го правиме заеднички и од вас барам, бидејќи е доста специфично.

Инаку, да довршам, во организација на градовите, Скопје, според својата уставна поставеност неможе да биде полицентричен град. Тоа е т.н. модел на општини без град. Скопје е посебна единица на локална самоуправа чија организација се врши со посебен закон. Тоа го правиме.

Колку е добро ова решение и сегашното функционирање на градот, сите ние кога зборуваме, зборуваме за одреден хаос во сите свери, од сообраќајот, на граѓаните, наша обврска е да го организираме.

Главниот клуч, според мене и моите сознанија е да направиме правилен распоред на надлежностите. Кога ќе направиме правилен распоред на надлежностите, со целосна одговорност, ќе му го дадеме правото на реализација, на управување на градоначалникот, како извршен орган, избран од граѓаните и Советот на Градот Скопје. Во Советот на Градот Скопје се граѓаните на град Скопје, независно кој сооднос, дали е од Кисела Вода, од Чаир. Тоа е прашасње на листите што ги составуваат политичките партии. Но, Советот на градот одлучува во име на цело Скопје.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-динот Даневски има збор за реплика.

Повелете, имате три минути.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Г-дине претседателе, дами и г-да пратеници,

Се согласуваме и го делиме мислењето, размислуваме на иста референца, и Уставот кажува дека Градот Скопје е посебна единица на локалната самоуправа. Сега, останува едно прашање отворено:

Што се сега новите општини? Општини се или не се општини? Дали се правни лица, правни субјекти или не се? Затоа што сега доаѓа до забуна дали треба да има општина или нетреба? Или треба да функционира како што си функционира, да имаме градски Совет, да имаме советници и да оди на месни заеници? Што ќе бидат правата на тие т.н. градоначалници во Градот Скопје? Еве 9 општини, можеби и 10. Како ќе бираме градоначалници, што ќе бидат тие? Дали се исти тие градоначалници со Кичево, Струга, Свети Николе или Градот Скопје е посебна единица? Меѓу редови се гледа дека се врши нова централизација. Или, не треба да има општини, да биде Градот Скопје како таков, да нема потреба да има општини? Градот Скопје да биде една целина, да се избира и така се согласуваме дека во Градскиот совет одлучуваат советници што се избираат од Градот Скопје. Каква е улогата на овие општини? Правно лице се, не се ? Дали ќе има кал или нема да има кал, граѓаните ќе кажат на избори, се согласувам. Но статусот, како ќе ги бираат, која е улогата, градоначалници ли ќе бидат, што ќе бидат, персоналци, статусот?

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине министре.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Законот оди во делот на правниот статус на општините и нивното раководење во рамките на нивните надлежности. Има Совет на општините, пишува во самиот Закон. Пратениците треба да читаат и да дискутираат.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Добро, тука завршуваме со дел од оваа расправа.

Извинете г. Алити, пријавени сте за реплика.

Повелете, имате три минути.

РАФИС АЛИТИ:

Благодарам г. претседателе.

Со внимание го сослушав министерот за локална самоуправа и објаснувањата што ги даде за функционирањето на Градот Скопје. Сите сме свесни дека Скопје има посебен статус и со Уставот итн. Но, министерот не објасни или јас имам дилема, не објасни кои се границите на Скопје. Би било добро да ни ги каже. Тука се зборува за

власта на две нивоа, а во Скопје треба да имаме навистина три нивоа на власт. На пример, не се вклучени општините Сарај, Кондово, Студеничани. Значи имаме рурални општини во Скопје што и во текот на експозето и објаснувањето министерот не даде дообјаснување во оваа насока дали и тие општини се општини на Скопје или не. Доколку не се сметаат за скопски општини би било добро да знаат и граѓаните дека тие не се скопски општини.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Повелете г. министре.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Дискутираме за закон за територијална организација и многу е јасно Скопје се простира на подрачјето утврдено со ГУП и тоа е определено во делот на Законот за територијална организација на подрачјето на Град Скопје и со одредени населени места што не припаѓаат на досегашните општини. Тоа е определено во Законот за територијална организација.

Во делот на територијалната организација на Република Македонија , како што беше презентирано пред пратениците, во рамките на 62 општини, како посебни единици на локална самоуправа се Сарај, Кондово, дел на Студеничани, на Сопиште и целокупниот дел околу Скопје.Тие ги имаа сите права што произлегуваат од Законот за локална самоуправа како посебни општини.

Да му одговорам и г. Даневски, по членот 13, општините на Градот Скопје имаат својство на правно лице, не е ништо спорно.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Г-дине Ружди Матоши, имаме уште 6 минути до паузата за ручек. Мислам дека неможе да ме изненадите за 6 минути да ја завршите дискусикјата. Затоа јас сега ќе ја прекинам дискусијата.

Објавувам пауза до 15,00 часот.

Следните дискутанти се г. Матоши, г. Груевски и г. Дојчиновски.

(пауза)

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,00 часот).

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господинот Ружди Матоши, а нека се подготви пратеникот Никола Груевски.

Повелете господине Матоши.

РУЖДИ МАТОШИ:

Ви благодарам,

Почитувани колеги, господине претседател, овие денови актуелно дискутираме околу темата која е и главна тема моментално во Република Македонија а тоа е децентрализација на локалната власт, територијалната организација и Законот за Градот Скопје. Тоа се многу значајни теми за земјата, меѓутоа, тргнувајќи од искуството на актуелната власт која покажувала дегенерирачки тенденции во однос на Законот, останува многу малку надеж дека и Законот за Градот Скопје ќе биде ефикасен и целосен. Абанците во Македонија штотуку се соочија со форми кои одат во нивна штета. Со Нацр6т-законот на Владата на Република Македонија за Градот Скопје, албанците го живеат, преживуваат шок гледајќи го овој закон кој е подготвен од експертите на Владата. Албанските општини се растресени, екстремно растресени. Првичните сигнали на насилството врз албанските општини се сега евиденти. Не беше доволен црвениот картон за албанците од Скопје кои никогаш не биле дел на политичката игра, исто така и на економската, меѓутоа сега тие добија и друга казна, уште поекстремна. Законот дисквалификува секаков елемент кој што би ги направил албанците од главниот град на Македонија рамноправни како заедница во однос на другите, односно кажано директно сега Рамковниот договор е претворен во многу чуден сегмент каде само сосот останува за албанците а месото го зимаат македонците. Ова го велам затоа што преку овој договор македонците сакаат да го интегрираат местото, да ја интегрираат земјата во НАТО и во Европската Унија. А наспроти тоа во континуитет не се решаваат меѓуетничките проблеми. Владните експерти направија се, со цел албанците да бидат само во џебовите на главниот град. Без двоумење можеме да кажеме дека албанците во Скопје се жртви на политичките пазарења. Вака велам, затоа што имам и аргументи. Доколку се гледа мапата и географската положба на Скопје и доколку фрлиме едно око и на подготвената скица, врз основа на проект законот за децентрализација, излегува дека фамозниот

закон кој се предлага ги смета албанците како периферични и ги гетоизира албанските граѓани во периферните гета во Скопје. Потребен беше политички компромис меѓу СДСМ и ДУИ. Се разбира дека тука има компромиси на техничко-економските елементи, така вели заменик премиерот Муса Џафери, туку и на политичко етничките елементи, истото го вели заменик премиерот Муса Џафери. Еден таков компромис се постигна и им штети на илјадници албанци од Скопје и се користи една тенка линија од владини ескперти, со цел албанските општини да се фрагментираат до екстрем. Се поставува прашањето што добиваат и што губат албанците, и што добиваат другите, односно македонците од новата територијална поделба. Албанците ги губат правата на користење на институциите, тие културни, здравствени и образовни, користењето на амбиентите со историска важност, како и спортските простории, на пример господин министер општина Чаир во која има мнозинство албански граѓани, жители навистина и се одземени главните инфраструктурни објекти и идентичното се случило и со општината Сарај - Кондово, кој во иднина се очекува да бидат една општина од организативен аспект на територијалната поделба и би ве запрашал господине министре, Вас господине Гештаковски, дали би било добро да бидете јасен за јавноста и граѓаните како може на таков начин, да се прават линии како змија да ги правела во општината Сарај каде објектите и другите економски вредности кои им дал господ на тие општини, вие на нечесен начин и не по редовни физички линии ги припојувате кон Ѓорче Петров, како што е рекреативно-спортскиот центар во Сарај, како што е базенот Матка, како што се водите на Матка кои се потенцијали за вработување на албанци во иднината. Јас се чудам како може да се, со каква идеја, со каков концепт е направен овој предлог на Владата. Се забележува господине министер дека тука има една тенденција на гетоистирање на албанците, се забележува дека некој во Владата сака албанците од Сарај и Кодново да немаат економски пристап. Се забележува дека тука некој сака албанците од Сарај само да сеат компири и грозје. Вие мислам дека тука треба да дадете објаснување и таа грешка да се поправи. Оние вредности кои ги има општина Сарај треба да му се остават на Сарај.

Значи, овие погодности кои припаѓаат на Сарај и се одземаат и се припојуваат кон општина со македонско мнозинство. Да бидеме конкретно, законот оневозможува именување на згради, на улици, употреба на албанскиот јазик. Значи општините немаат ексклузивитет во донесување на одлуки или во усвојување, во користење на вкупниот буџет кој ќе го има општината во иднина. Од овој аспект, политичкиот компромис е навистна еднностран и резултира со голема навреда,

албанците го земаа скопскиот пазар, а од друга страна му се одземени најголемите витални објекти, и највредните како што е. Значи албанците остануваат без скопското Кале, без поликлиниката Бит Пазар, без Универзитетската библиотека, без саемот и сето ова се случува во рамките на ова. Тие се наоѓаат во општина Чаир а вие на неправилен начин ги фрагментирате, ги ориентирате во друга насока. Значи, може да си замислиме каква хирушка интервенција направиле владините хирурзи, односно кројачи кој што вие на чие чело сте вие господине министер, заедно со премиерот.

Но лошото не завршува тука, во главниот град на Македонија, освен македонскиот јазик треба да се говори албанскиот јазик, и се разбира треба да се користи албанското знаме. Значи тоа треба да се регулира со закон и да се вее во центарот на Градот Скопје, и сето тоа во согласност со Рамковниот договор. Меѓутоа, овие два основни елементи за еден етникум не фигурираат никаде во предлогот. Значи, политички компромиси од ваков вид ги тераат албанците да се чувствуваат инфериорни, дисктриминирани и расцепкани. И понатаму алабанците од Скопје потпирајќи се врз Предлог законот за реорганизација, тие се гетоизираат. Македонците, односно подготвувачите на проект законот успеаа да го избришат принципиелинот елемент за еден етникум и тоа јазикот. Предлогот кој што се дава од страна на Владата исклучува секаква можност албанскиот јазик да биде втор официјален јазик. Доколку се вратиме на членот 7 од Уставот, таму се вели дека јазикот кој го говорат т.е. населението е официјален јазик во Република Македонија, и не се определува територијално каде тоа ќе се прави, никој не вели дека на каков начин албанскиот јазик ќе биде официјален во најмала рака, барем во една општина албанците немаат никаква можност да бидат составен дел во донесувањето на одлуки во Градот Скопје. Значи предлог законот кој се наоѓа, Владата на Македонија ги запоставува на брутален начин големиот број на албанците во главниот град на Република Македонија. И сето ова се прави со една единствена намера имајќи го предвид големиот број на албанци во Македонија економските и социолошките ефекти, Владата експериментира со албанското население, екстремно минимизирајќи го нивното влијание. Незнам колкав ефект има од сега натаму дека Рамковниот договор претставува гаранција за рамноправноста на албанците во однос на државата. Меѓутоа, не е чудно некој владин политичар да ја извади главата како нојот и да вели дека албанците ќе ги имат сите права во државата. Меѓутоа, за какви права може да се збори со масакрирањето на албанските општини, со елиминирањето на албанскиот јазик, со усвојувањето на ексклузивноста во процесот

на донесување на одлуки од страна на македонците или пак за распрскување на албанските жители кои не го уживаат правото да бидат сопствен дел на урбаните општини на Скопје. Доволно е ова за пејсажот на незадоволството на албанците да достигне кулуминација.

Јас господине министер сум бил многу јасен и овие мои забелешки и јас верувам дека сте ги разбрале, не би сакал јас тука да ги покачам етничките тензии, меѓутоа, вие предлогот кој сте го дале и со ова што имате намера да го инсталирате се зголемуваат етничките тензии. Ние се разбира на 26 февруари ќе испратиме апликација за прием во Европската Унија. Меѓтоа, незнам тие колку ви го дале до знаење, затоа што нам тоа ни го разјасниле убаво дека без етничка рамноправност Република Македонија неможе да се интегрира во Европската Унија. И дококлу таму може да се пофалиме за инфраструктура, за енергетска стабилност, за законите за земјоделие, или незнам јас што треба во однос во оваа димензија треба да се засегне најглавното прашање кое ќе помогне во интеграцијата на Република Македонија, односно етничката рамноправност, и разбирањето кое ние ќе треба да го негуваме тука.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Матоши.

Повелете министре.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Господине претседателе, би сакал да укажам и на дискусијата на господинот пратеник Матоши.

Владата и јас како министер целосно ќе ги почитуваме одредбите од Рамковниот договор преточени во Уставот на Република Македонија во сите сегменти од Рамковниот договор, особено во делот на територијалната организација и на Законот за Град Скопје, особено во делот на употреба на јазиците. И се она што е напишано во амандманот 5 целосно ќе се имплементира како еден од битните и важни критериуми во спроведување и во реализирање како нормативно, така и во делот, со цел граѓаните да можат да ги користат сите права утврдени со Уставот на Република Македонија. Тоа е едното.

И второ, би сакал да укажам точни се наводите за делот на спортско рекреативнот центар Сарај, кој согласно генералниот урбанистички план во Скопје и

сега припаѓа, и врз основа на тие сознанија се прекршува членот 18 од Законот за локална самоуправа каде се прекршуваат границите, катастарски во делот на територијалната организација на Град Скопје, спортско рекреативниот центар спаѓа во катастарска општина Сарај, најозбилно ќе ги земеме тие забелешки, сигурно ќе го почитуваме членот 18, не само во овој случај, него и во случај насекаде во делот на законите за територијална организација и законот за Градот Скопје.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Матоши.

РУЖДИ МАТОШИ:

Јас господинот министер сакам јасно да ми разјасни само нешто. Зашто мене не ми е јасно Предлог законот за Градот Скопје, дали албанскиот јазик е официјален јазик во Градот Скопје.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Груевски, а нека се подготви пратеникот Киро Дојчиновски.

НИКОЛА ГРУЕВСКИ:

Почитуван претседател на Собранието, почитувани пратеници, претставници на Владата, медиумите,

Дискутирајќи за законите поврзани со децентрализацијата во повеќе наврати го споменавме трендот на ревидирање на локалната самоуправа како нешто за што нели треба да се расправа и во контекс на Рамковниот договор, воопшто во контекс на иднината на државата.

Во текот на повеќедневните дискусии, огромен број на факти и стручни аргументи беа изнесени во однос на прашањето за неопходноста на фунционална територијална организација, која ќе овозможи целисходно функционирање на единиците на локалната самоуправа. Сепак и покрај се, и понатаму останува впечатокот дека надвладува политичката димензија на децентрализацијата во Република Македонија. Законот за територијална организација во Република Македонија индицираше дека под името на децентрализација се форсира една непринципиелна територијална организција на земјата. А непостоењето на

критериуми врз основа на кои се нудат решенија во Законот за Град Скопје, само уште еднаш го потврдува тоа. Да погледнеме неколку конкретни примери.

Кој е критериумот на пример, според кој што Арачиново припаднало кон Скопје. Или пак кој е критериумот кој во услови кога веќе се формираат нови општини нема услови за формирање на општина Драчево која би се наоѓала во катастарските граници на Долно Лисиче и Драчево. Предлагачот очигледно нема одговор на овие прашања. Затоа сосема очигледно е дека законот, дека со овој закон за Градот Скопје, наместо промовираната децентрализација и приближување на локалната самоуправа кон граѓаните. Во градот се прави еден центар на моќ. Уште повеќе предложениот закон е и во колизија со Законот за локална самоуправа. Со овој закон на Градот Скопје му се дава неограничена моќ, а на општините кои се во рамките на Градот Скопје, им се одзема статусот кои го имаат сите други општини во Република Македонија.

Се врши грубо одземање на надлежностите на општините во составот на Градот Скопје, и се создаваат општини кој што наместо сервис на граѓаните ќе бидат општини без моќ и без ингеренции за решавање на најелементраните потреби и проблеми што ги имаат граѓаните во Скопје.

На општините им се одзема надлежност за носење на урбанистички планови и урбанистичка документација. Кај урбанистичките проекти има обид градот да се меша дури и во најситниот сегмен, од издавање урбанистичка согласност и одобрение за градење, со што нели теоретски се отвара голема можност градоначалникот на Скопје со толкава голема моќ, во иднина, во некоја ситуација можеби да ја злоупотерби својата позиција.

Самиот закон за град Скопје, не е ништо друго, освен нова централизација на власта, централизација велам која тежнее кон оддалечување, наместо кон приближување на граѓаните и сервисирање на нивните потреби.

Овој закон не е во корист на граѓаните на Градот Скопје и овој закон е единствено во корист на оние две политички елити кои го креирале. Се разбира, тоа е СДСМ и ДУИ.

Почитувани пратеници, евидентно е дека наспроти бројните одредби со кои јасно се става до знаење, фокусираната и централизирана моќ на градот од една страна, од друга страна сосема се превидени и воопшто не се споменати работи кои се од суштински значење за Градот Скопје. На пример, нема одредби за надлежностите на Градот Скопје, во делот на заштита на здрава животна средина, како на пример одредувањето и испуштањето на технолошка и индутриска вода,

третирање на медицинскиот отпад и тн. Можеби затоа што тие не се атрактивни ниту профитабилни, како донесувањето на урбанистичките планови. Сепак, Предлог законот за Градот Скопје и предвидената прмена на бројот на општините во градот, од 7 на 9 или алтернативно на 10, можеби и не би било толку загрижувачко ако с апстрахираме од задните намери кои се повеќе се очигледни во овој закон. Имено, веќе е јасно, како и кај целокупната организација на Република Македонија што СДСМ и ДУИ ни ја предлагаат за Градот Скопје, етничко политичкиот критериум е единствен и доминантен при креирањето на границите на општините. Како и во остатокот од Република Македонија така и во Градот Скопје, се прави нелогично поврзување на средини кои немаат и никогаш немале заеднички специфики. Да го земеме примерот на границата на општините Центар и Чаир, што еднаш веќе го спомнав. Со децении Центар било главното место на градскиот дух. Во новите граници општината Центар не само што е намалена по територија, туку таму нема ништо од она што општината Центар ја прави центар на Градот Скопје. Центар го добир градскиот дух, со вклучување на деловите од просторот преку пешачкиот мост на Вардар па до Булеварот “Југославија” и подрачјето на северната граница на населбата “Тоопана”. Надвор од центар останувaат дел од најзначајните културно историски обележја на градот, Старата скопска чаршија, Јаја Паша и ред други знаменитости кои се дел од историските, националните и културните симболи на градот.

Се поставува прашањето што се случува во оваа ситуација, дали се работи за превид и незнаење. во случај на границите на општина Центар, дали се работи за пгорешна употреба на термини, во описот на границите на општина Гази Баба со користење на името Сингелиќ, наместо Ченто, или при описот на границите на општина Ѓорче Петров, кока се користи Ново Село, наместо Даме Груев, или пак некој свесно оди кон системска елиминација на се она што значи гордост и национална историја на македонскиот народ. Навистина се прашуваме што и кому му пречат имињата на Ченто, Даме Груев и да се враќаат некои стари имиња од кои поодамна се имаме откажано, како имиња на тие населби. Дали ова е само уште една од редот на случајности што во последните месеци ни се случија во Република Македонија, како што беше Законот за државјанство, Тетовскиот универзитет, па и територијалната организација.

Сега, како и при елабориеањето на причините за донесувањето на претходно споменатите закони, уште еднаш би потенцирал дека повторно се

потврдува оправданоста во сомневањето во демократските намери на коалицијата СДСМ и ДУИ.

Почитувани пратеници, на Република Македонија и е потребна децентрализација, а не редефинирање на простор во Република Македонија за дневно политички цели и создавање услови за вештачко создавање на етнички малцинства. Зарем фактот што и покрај процентот на албанци на ниво на Градот Скопје од 15,5%, со Законот за Градот Скопје се оди кон дозволување на комуникацијата со градот, на јазикот на заедницата што е застапена над 20% во најмалку две општини, со што посебно се воведува двојазичност во Скопје, не ни е доволен за да се преиспита цела оваа конструкција на претседателите на СДСМ и ДУИ. Дали нивниот меѓусебен договор вреди повеќе од традицијата, дали вреди повеќе од историскиот и културниот континуитет на главниот град на Република Македонија е прашањев со кое ќе треба да се позанимаваме меѓу првата фаза што е денес и втората фаза што очекуваме да дојде со одредени забелешки, и се надеваме со одредени прифаќања од страна на Владата на Република Македонија некаде околу месец март.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Реплика има господинот Јани Макрадули.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Ќе се обидам да бидам појасен, овој пат да ме разбере и господинот Груевски.

Ме чуди зошто толку радикален пристап, зошто го смени пристапот кон говорот по однос на територијална организација на Република Македонија и на Градот Скопје, но тоа е тактика, се разбира.

Би сакал да прашам во кој дел овој закон е во колизија со Законот за локална самоуправа?

Да повторам, општината Арачиново овде е дадена како алтернатива. Тоа не значи дека се има некоја задна намера ако се даде во алтернатива. Тоа исто не го разбирам.

И да укажам дека, тука има едно поглавје ИИ, точка 2 што се однесува за заштита на животната средина и природата каде ги пишува оние работи што беа истакнати дека ги нема законот за Градот Скопје.

Би го потсетил уште еднаш господинот Груевски дека заедно бевме советници во општина Центар и знаеме дека ваквиот тип или ваквиот концепт не нудеше можност за поголемо нудење сервиси на граѓаните. Да оставиме времето да покаже дали овој нов приод е подобрар, бидејќи самите бевме сведоци дека така не функционираше добро пред тогашниот предложен концепт.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Груевски, имате една минута.

НИКОЛА ГРУЕВСКИ:

Овој пат би му одговорил на господинот Макрадули.

Знам дека има партиска задача секогаш да ми препицира, па ако не му одговорам може и да ја загуби. Затоа ќе се потрудам да дадам одговор.

Би спомнал прво следното: Алтернативата што рековте господине Макрадули, не е дадена од овој или оној, туку е дадена од Владата на Република Македонија. Значи и покрај тоа што е алтернатива, тоа е многу сериозна алтернатива бидејќи е спредложена од Владата на Република Македонија. Тоа е првата работа.

Втора работа, кога зборувате за времињата во општина Центар, вие тогаш не мислевте баш така како што денес кажувате. Тогаш ги браневте сите ставови на општината, градоначалникот, потврдувавте дека е се во ред. Така што не се сеќавам дека имало момент да сме мислеле тогаш дека не треба нешто и дека нешто треба да се смени.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Реплика има госпоѓа Пеева.

АНГЕЛКА ПЕЕВА-ЛАУРЕНЧИЌ:

Колега Груевски, немам партиска задача да ви реплицирам, но почувствував од вашата дискусија.

На почетокот спомнавте дека на Градот Скопје му се дава неограничена моќ, заради што им се одземаат надлежностите на општините. Јас, напротив, сметам дека е сосема поинаку. Ако сакате да ми образложите накратко.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Не сте должни да образложите. Ако сакате. Не се тоа пратенички прашања ве молам.

НИКОЛА ГРУЕВСКИ:

Нормално, како што кажавте господине претседателе не сум дожен да образложам. Впрочем, тоа го правев и за време на мојата дискусија, а кој не го прочитал законот, тука е, тука се стенографските белешки, уште еднаш нека се наврати на нештата за појасни да станат работите.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Јас се извинувам што упаѓам. Се знае смислата на репликите и нека бидат така репликите.

Повелете господине Макрадули процедурално.

ЈАНИ МАКДРАДУЛИ:

Во членот 86 може да се бара дообјаснување од претходниот говорник. Незнам зошто правите дилема.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Лично дообјаснување пишува таму.

Повелете господине министре.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Јас би сакал во име на Владата на Република Македонија и во име на Министерството и јас како министер, на господинот Груевски да му извинам, и на пратениците за употреба на несоодветни или старите називи на одредени населби што се донесени, сигурно од Советот на Градот Скопје. Мислам дека тоа е техничка грешка и во секој случај е пропуст и на Министерството и на изготвувачите. Се извинувам за тој дел. Нема никаква друга намера. Секој има право да размислува. Можеби и укажував на тој дел.

Второ, сакам да укажам дека овој предложен модел на организација на Градот Скопје како посебна единица на локална самоуправа оди чекор напред во доближувањето до граѓаните, во ваква организација, од она што беше разгледувано во делот од претходната Влада и она што е оставено како размислување во Министерството за локална самоуправа и во делот на Владата на Република Македонија.

Во претходните размислувања јас кажав и пак ќе повторам, во овој е процес на децентрализација оваа Влада има континуитет, каде што застанаа расмислувањата, каде што застанаа дел од елебаротатите, каде што се застана со делот на целокупното стручно изградување и правење база на податоци за Скопје и за општините, се предлагаше Скопје да биде организиран како град општина, без друг дел на организација. Ние одиме чекор напред и сметаме дека сите укажувања во делот на балансот меѓу надлежностите на градот кои претставуваат една целина, а кои се во интерес на граѓаните, кои ќе овозможат функционирање на градот како една целина и дел на рамномерен развој на градот, врз основа на целокупниот дел на надлежности и финансиски средства, ние ќе ги подржиме. Ние нема да подржиме во делот ненадминување на досегашното функционирање на градот и на делот на разните судири меѓу градоначалниците на досегашните општини. Скопје треба да има свои надлежности, треба да има градоначалник со овластуавање, во интерес на граѓаните и сите укажувања од страна на Министерството и Владата на Република Македонија ќе бидат разгледани.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Груевски.

НИКОЛА ГРУЕВСКИ:

Нема процес на оддалечување на граѓаните од локалната власт во Скопје, туку напротив процес на доближување.

Ако дел од игеренциите на 7-те општини што беа до сега се префрлаат кај градоначалникот, дали е тоа централизација или децентрализација. Тоа е прашањето. Дали еден градоначланик може почесто да биде во контакт со сите граѓани, отколку 7 градоначалници и ако од 7 се префрлат кај еден, теоретски е така дека централизација на моЌ и тоа не може да биде доближување на граѓаните на Скопје до локалната власт, затоа што се се концентрира кај еден.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете министре.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Господине Груевски мислам лапсус направивте. Не е од градоначалник, не се прнесува на градоначалник, мислам зборувате за донесување на деталните

урбанистички планови, од општините. Ние по оваа варијанта понудивме едно решение. Советот на Градот Скопје да ги донесува деталните урбанистички планови. Голема дилема е во размислувањата од аспект на досегашното функционирање на општините за измена и дополнување на деталните урбанистички планови и созавање на урбанистичкиот хаос, врз основа на претходно мислење на општините. Тоа е за размислување, но мораме да ја направиме зависноста за функционирање на градот. Можно е и општините да ги донесуваат, советите на општините, деталните урбанистички планови, но мораме да имае целосна кон трола за функционирање на генералниот урбанистички план и еден рамномерен развој на градот. Ако го гледате само преку тој дел, тоа е еден сегмент што во овој предлог за донесуавње на закон пренесено од општинска во сегашна надлежност на градот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете госпподине Жерновски, имате три минути реплика.

АНДРЕЈ ЖЕРНОВСКИ:

Има реплика на господинот Груевски.

Господине Груевски, ние очигледно ќе се разликуваме овде во нашите дискусии.

Изненаден сум што вие сметате дека овие ингреренции што се доделуваат на Градот Скопје, според вас дури претставуваат и централистичко гледање на работите во однос на ингреренциите. Ние сметаме, напротив, недоволни надлежности се даваат на Градот Скопје.

Ќе ви објаснам низ практичен пример за работата на градот од 1998 до 2002 година. Не случајно го кажувам овој период бидејќи и вие бевте во Владата на Република Македонија тогаш.

Се бараат ингеренции токму во она што вие го зборувате, во делот на урбанизмот.

Два пати годишно од вашата влада се бараше локација за катна гаража. Два пати годишно се бараше локација за транспортниот центар и два пати годишно се бараше локација за спортската сала. Ниту еден одговор не добивме, велам, добивме, бидејќи во тој период работев во градот. Ниту еден единствен одговор не добивме од вашата влаа. Тоа не беше инат, за жал спрема градоначалникот на Скопје, туку беше инат спрема граѓаните на Градот Скопје. Би ме интересирал тука вашиот став зошто се случи сето ова и зошто Скопје не ги доби

овие потребни објекти целиот тој 4 годишен период додека вие бевте во Владата на Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Груевски.

НИКОЛА ГРУЕВСКИ:

Некој тука вади некаков пример за што веројатно има оснвоа зошто било тоа така. Јас не сум бил длабоко инволвиран во таа дејност, имав друга задача како министерот за финансии. Меѓутоа и да било така, еве да претпоставиме дека било така, незначи дека се даде некаква логика дека треба да се смени цел закон и да се префрли цела ингеренција на друго место, за некои работи. Значи, секогаш треба да бараме решение таму каде што има слабост. Ако има слабост дека некој не одговорил, можеби во законот треба да се стави рок за одговарање, да не може да се пречекори тој рок или нешто слично, за во иднина, во такви ситуации, јас уште еднаш тврдам дека детално не можам да дадам одговор зошто тоа било така зашто јас не сум бил инволвиран во тоа. Но, ако претпоставиме дека било така, во тој закон, законот за Владата, или незнам каде, треба да се стави можност да се одговара на време, не сега да ги пренесеме сите надлежности на Градот Скопје заради еден, два или три работи од минатото.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Рамадани, имате реплика три минути.

ИСМЕТ РАМАДАНИ:

Јас внмателно го ислушав господин Груевски и од неколку забелешки што ги кажа во однос на законот за организација на Градот Скопје, јас може и да се согласам. Меѓутоа и покрај тоа ќе реплицирам и ќе го надополнам со неколку зборови господинот Груевски. Ќе реплицирам на тоа дека во моментот кога вели дека политиката е многу измешана, што се однесува на организација на Градот Скопје и територијална организација на Градот Скопје се согласувам со тоа, меѓутоа, ако продолжи уште малку, кога би продолжил уште малку  и кога би рекол дека овде политиката е употребена на штета на граѓаните албанци во Скопје.

Второ, во однос на Арачиново, се согласувам само до таму каде вели, да се вратат надлежностите на општините во рамките на Скопје, како што ги имаат и

сите надлежности општините според територијална организација во Република Македонија. Тогаш ќе беше добро да во рамките на Скопје биде и Арачиново, ако остане со овие надлежности, овие општини на Скопје, како што се предлага сега, е добро да останат и понатаму, Арачиново да остане само и да опставуа. Што се однесува на именувањето на некои населби, само ќе го потсетам, меѓутоа и ќе му помогнам на господинот Груевски дека таму каде што беше населба Сингелиќ, таму стана Ченто, а таму каде што беше село Сингелиќ, остана село Сингелиќ. А што е полошо во тоа село Сингелиќ живеат над 90% граѓани албанци и таму останало Сингелиќ. И, замислете сега, колку има логика Асан бег, со свое оригинално име некогаш и понатаму да се нарекува Сингелиќ. Јас овде читам многу општини од Источна Македонија каде имињата на градовите, добро е што останале оригинални такви какви што биле, затоа што тука има традиција има етимологија и тн., додека овде се направила една неправда за која јас се надевам дека и господин Груевски ќе се согласи со мене и овде нема да се разликуваме дека тоа село не треба да се нарекува Сингелиќ, туку со името што го имало од секогаш. Значи, името Асан Бег и така и го нарекуваат.

Овде сакав и да разјаснам и во неколку моменти за реплицирам, објаснувајќи некои прашања за кои чувствувам потреба дека треба да ги објаснам. Арачиново може да се припои кон општините во Скопје и тогаш кога се спојуваат другите општини и да се врати двојазичноста, всушност да се постави двојазичност во Скопје.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дине Груевски, пријавени сте за контрареплика, повелете имате една минута.

НИКОЛА ГРУЕВСКИ:

Јас би поставил само едно прашање за размислување.

ВМРО-ДПМНЕ веќе година ипол не е на власт, па би прашал до каде се катните гаражи. Јас катни гаражи не сум видал во ова годинаипол, иако тука не е ВМРО да ја кочи работата, како што некој велеше пред малку.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Јас навистина малку не слушав, незнам дали за катни гаражи зборуваше г-динот Рамадани, но ако не зборуваше за катни гаражи, ова не ви е соодветна контрареплика. Друг пат ќе ве прекинам.

Има реплика г-динот Најдовски.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Мислам дека сега веќе отворивме едно суштинско прашање за законот. Ако поранешните дискусии имаа други цели, сега веќе се отвора суштинското прашање што треба да се реши со овој закон, а тоа се ингеренциите што треба да ги има Градот, односно раководството на Градот Скопје, без разлика кој е сега, кој ќе биде во иднина.

Ако добро го следев, а сигурно добро го следев г-динот Груевски, рече дека со овој закон се дадени големи ингеренции на Градот. Јас мислам сосема спротивно. Токму со овој закон не му се дадени доволно ингеренции на Градот. Ќе дадам само еден пример.

ВМРО-ДПМНЕ држеше неколку прес-конференции и го напѓаше раководството на градот кога почна да се гради “Лумикс” или така се викаше, во центарот на градот, објектот што требаше да биде на плоштадот. Со самото тоа што сега покажаа дека и тогаш Градот немал ингенреции, а со самото тоа што кажаа дека нема ингеренции, значи и понатаму се залагаат во градот, да владее една нерегулирана, нерешена состојба на тој план.

Затоа сметам дека г-динот Груевски изнесе прво погрешен заклучок, дека со овој закон му се даваат ингеренции на Градот. Напротив, сметам, ако сме доследни на она што досега го критикуваа и ги бранеа граѓаните треба да се залагаат за уште поголеми ингеренции на Градот. Да не ја гледаат моменталната состојба туку да гледаат од тоа како во иднина треба да се развива Скопје.

А, околу дозволите што ги напомна, сега реплика на другите, за спортската сала е добиена, таа што тие не ја даваа, за плоштадот е добиена и за транспортниот центар се добиени, се градат, што значи дека во овој период се узпеало, се добиле и се градат, а се надевам дека ќе се завршат на време.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Вклучете го г-динот Груевски има право на една минута контрареплика.

Повелете.

НИКОЛА ГРУЕВСКИ:

Благодарам.

Значи тоа “се градат”,”се градат” го слушаме бајаги долго време. Едновреме виновна беше Владата што не се градеа, сега ВМРО - ДПМНЕ година ипол е во опозиција, а пратеникот што сега ни реплицираше и претходниот што беше, г-динот

Жерновски, кажаа дека ВМРО-ДПМНЕ била виновна што не се изградени катни гаражи. Истиот градоначалник е, нова влада имаме сега ЛДП е во власта, катни гаражи нема во Скопје. Камениот мост уште се прави, а за спортската сала само што удрија камен темелник, друго нешто посериозно од тоа нема. Плоштадот е целиот раскопан, така што не било до Владата, туку главниот проблем бил до тој што требало да ги заврши работите. Никакво кочење немало. Тоа не може да биде причина сега да вршиме централизација, целата моќ да ја префрламе кај еден човек, само за да се докаже дека треба да се изгради нешто кога тоа не се гради ни вака ни така.

Благодарам.

(Пратеници од ЛДП бараат реплика)

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Е, сега како претседател не давам реплика бидејќи почнавте за катни гаражи, за ова, за она.

Се извинувам, повелете, дајте му збор на г-динот Шапуриќ.

Пријавете се г-дине Шапуриќ .

(Пратениците од ЛДП излегуваат од салата).

Добро, ми се налутија, па затоа.

Повелете г-дине Дојчиноски, имате збор, а нека се подготви г-динот Есад Рахиќ.

КИРО ДОЈЧИНОСКИ:

Јас немам партиска задача да говорам, но почитуван претседателе, пожитуван министре, почитувани колеги сакам да кажам следното. Кога некој од студентските клупи директно ќе влезе во министерските фотелји, ја прескокнал локалната самоуправа и мене не ме чуди овој жаргон што денеска вака се води во овој момент.

Јас ќе се обидам да сосема настрана од ова што значи политичко настапување да го изнесам своето мислење за законот за Градот Скопје, онака како јас го гледам и онака како јас Скопје го истражував подолго време.

Градот Скопје не е случајно или по нечија посебна желба издвоен во Уставот на Република Македонија. Тој низ сите векови бил значаен центар на овие простори независно во каква државна и геостратешка констелација се наоѓа.

Јас немам намера да Ве замарам со многу историски факти, но морам да кажам дека бурната историја исполнета со духовни влијанија, војни и походи,

етнички миграции, туѓи пропаганди и денационализацијата и туѓите режими на соседите оставиле свое влијание во градот за кој што еве денеска ние исто така разговараме и треба да водиме сметка за сите тие минати периоди.

Околу 40 пати ги менувало властодржците. Градено, уривано, поплавувано и палено, поместувано и пак останало тука. Да се запознае Скоје, не може брзо и оддеднаш. И сите оние што денеска сметаат дека така брзо ќе го поминеме овој закон не водејќи сметка за се она што е карактеристично за Скопје се лажат. Ќе ве излаже првиот впечаток драги колеги. Брзањето само одмага. Низ овој град треба да се талка, лежерно и полека. Во тоа талкање и запознавање може да се тргне од најзначајните белези на Градот од она што е негова специфика. Од нешто што е убаво и оригинално. Од она што го разликува од другите градови. Силните контрасти меѓу минатото и сегашноста неминовно наметнуваат споредби. Без ваква слика за Скопје би била скликата нецелосна и нејасна.

Со времето и не се забележуваат промените низ кои минувал градот. Времето е неминовно во промените, но и во заборавот. Обврска на оваа генерација која што денеска овде расправа да го избегне тој заборав и да му го одреди вистинското место и улога на градот во Републиката.

За среќа Република Македонија за свој главен град го има токму Скопје и оттука е посебно третиран во Уставот на Република Македонија.

Денес пред нас е токму тој законски проект, со определба да му посветиме сериозно внимание, затоа што тука мора да се позанимаваме со две значајни определби кои мора да бидат компатибилни и водилки во расправата на седницава.

Првата, Скопје да го третираме како главен град на државата, како негова престолнина, како значаен административен, политички, културен и економски центар, како град дипломатски центар во кој делуваат странски амбасади и претставништва, и на тоа да му ги подредиме често многу поединечни желби и барања. И споредби со други градови во Републиката, мора во овој случај второстепени.

Второ, Скопје во кое живеат над 450.000 жители како посебна единица на Локалната самоуправа во која се остваруваат заедничките потреби на граѓаните во Локалната самоуправа што произлегуваат од карактерот на градот, како главен град и како единствена просторна урбана, економска, политичка и еколошка целина.

Ваквите состојби се предлага да се доуредат пред со додатен закон, со овој закон што е денес на расправа, со кој ќе се изразат посебностите на Градот. Со единствен систем врз широка демократска основа за влијанието на граѓаните во одлучувањето на ниво на градот и општините како негови организациони делови. Сигурно, постоеле и делувале и други општини во градот и во минатото. И разни региони итн. Меѓутоа, денеска ние мираме да му најдеме на Скопје место онакво како што го заслучува. И притоа одма да констатирам дека организационите единици на Градот одноно како ние овде ги утврдивме односно во Нацртот како општини што не мораше да бидат и такви, бидејќи во еден период се размислуваше дека тоа ќе бидат и региони итн. како организациони единици, во никој случај не можат да се поистоветуваат со општините како во другите делови на Републиката, а истовремено да бидат единици на локалната самоуправа. Впрочем тоа го утврдува и членот 3 од Законот каде се вели општините во Градот Скопје немаат ист статус со општините утврдени со Законот за територијално организирање на локалната самоуправа.

Граѓаните во Скопје во овој случај ќе ја остваруваат локалната самоуправа и јас по мое гледање на две нивоа, по два основа. Зависи од карактерот на надлежностите што им се ставени пред нив. Така во третирањето на градот како посебна, просторна, единствена, урбана сообраќајна, општествено-економска, еколошка и административна целина, граѓаните на Скопје ќе учествуваат преку непосрендо избраните советници во Советот на Градот и преку непосреден избор на градоначалник на Градот Скопје, со еден збор во оваа ситуација тие ќе го имаат своето влијание на Градот Скопје. Но, овде јас имам и една дилема. Тој е еден орган, на една огромна просторна целилна и со би рекол редуциран број советници, чие влијание малку може да дојде до израз со оглед на големиот број граѓани во смисол на самоуправното влијание од каде што се тие советници избрани.

Другите права на локалното самоуправување, граѓаните на Скопје ќе ги остваруваат преку избор на советници и организационите единици, општините како делови на Градот, и би рекол со ограничен суверенитет ако сакате во своето остварување и преку избор на градоначалниците во општините. Мораме да кажеме дека овде во Градот Скопје со оглед на ограничени надлежности во многу дејности и со оглед на тоа што за одредени прашања општините се во подредена положба за разлика од другите општини во Републиката, како да се воведуваат двостепеност во

локалната самоуправа Град - општина. Многу факти и решенија ќе бидат во секој случај донесувани зависно од тоа како ќе изгледува Градот.

Овде можеби е неопходно остварување на принципот единство на спротивностите. И при тоа одма да констатирам дека организационите единици на градот - општините, во никој случај не можат да се поистоветуваат со општините во другите делови на Републиката, а истовремено да бидат единици на Локалната самоуправа. Впрочем тоа го утврдува и членот 3, ставот 2 од Законот каде се вели општините во градот Скопје немаат ист статус со општините утврдени со Законот за територијално организирање на Локалната самоуправа.

Граѓаните во Скопје во овој случај ќе ја остваруваат Локалната самоуправа на две нивоа, зависно од карактерот на надлежностите што им се ставени пред нив.

Така во третирањето на градот како посебна просторна единствена целина, урбана, сообраќајна, општествено-економска, еколошка и административна целина, граѓаните на Скопје ќе учествуваат преку непосредно избрани советници во Советот на градот Скопје и преку непосреден избор на градоначалник на Градот Скопје.

Но тоа е орган на една огромна просторна целина и со би рекол редуциран број на советници чие влијание малку може да дојде до израз со оглед на големиот број на граѓани во смисол на самоуправно влијание.

Другите права на локалното самоуправување граѓаните на Скопје ќе ги остваруваат преку избор на советници во организационите единици - општините како делови на градот и би рекол со ограничен суверенитет во своето остварување и преку избор на градоначалници во општините.

Мораме да кажеме дека овде во градот Скопје со оглед на ограничени надлежности во сите дејности и со оглед на тоа што за одредени прашања општините се во подредена положба - како да се воведува двостепеност на Локалната самоуправа, Град - општина. Многу факти и решенија ќе бидат во секој случај донесувани зависно од тоа како ќе изгледува градот.

Но Скопје пак од друга страна е единствен град и многу поинаку не би било можно пред се заради создавање модел на град што оптимално треба да соодветствува на специфичните потреби, на традицијата, просторните и другите специфики и да се создадат услови за градење на единствена развојна политика на целината на градот.

И затоа, сите настојувања да се пробијат границите на генералниот урбанистички план кој што не е случаен, кој што се менува на секои 20 години кој што минатата година или пред две години беше донесен, на една стручна и научна основа, и дас се зголеми подрачјето на Скопје само би ја нарушило концепцијата на град престолнина. Град престолница на државата.

Во минатото такви примери имало: Го имаме Скопје како област, го имаме како Скопје како околија, Скопје како град, Скопје - единствена општина, но сето тоа во еден систем на општествено политички заедници во минатото и двостепена, а понекогаш и тростепена надлежност.

Скопје во 1974 година и беше една општина. За да само по две години во 1976 година не случајно и сигурно не заради тоа што на некој тогаш му текна, него затоа што потребите на Градот го побараа во Скопје да се формираат пет општини. А за до 1996 година ги имаме сегашните општини пак, сигурно заради потребите на Градот. Сигурно во конечното утврдување на текстот, во втората фаза има можности да се преиспитаат доста од надлежностите меѓу градоти општините, со цел да се избегнат многу паралелизми, позитивни или негативни, во смисол на судири на надлежностите.

Овде особено сметам на прашањата од урбанизмот како што е донесувањето на ДУП, Урбанистичките проекти, општините не да даваат мислење за нив, туку истите да бидат донесувани од општините во градот, во согласност со ГУП и градот Скопје. Практично, и покрај се она што министерот покушаваше да каже дека има големо шаренило во донесувањето на деталните урбанистички планови, јас лично знам дека во Скопје голем број на општини на овој чекор и направија доста добри потези.

Ќе биде потребно да се утврдат и појасни и почисти инструменти во распределбата на средствата остварени од изворните приходи на градот Скопје и општините во градот, односно да се објективизира формулата по претходно усогласување - со што би се исклучиле можности за разни манипулации понатаму.

Во расправата по предлогот за донесување на Закон за градот Скопје, би било добро да се укаже и на потребата поблиску да се одредат минимум надлежностите што државата ќе му ги пренесе на градот Скопје, во смисол обавување на одредени функции, потребни за државата: дипломатски град, безбедност на сообраќајот во услови за движење разни државници, на странски делегации, престој на државници,

централни манифестации што се организираат во Градот Скопје и слично. На тој план ние во овој закон не гледаме барем еден минимум услови кој што ќе можат да бидат однапред утврдени и кажани.

Интересно е прашањето околу просторната поставеност на општините во градот Скопје. Ова пред се од две причини:

- од различните надлежности на овој вид општини во град Скопје како единствена просторна, урбана сообраќајна, општествена-економска и административна целина за разлика од другите општини во Републиката и
- од тоа што многу значајни објекти во градот независно на кое место се наоѓаат се подеднакво интересни за сите граѓани што пред извесно време и министерот се обиде добро да го објасни.

Така да воопшто не држат одредени барања, одредени верски, културни, спортски, излетнички и слични други објекти, треба да бидат услов како што некој покушаваше пред мене да го каже за одбележување или одредување на просторот на било која општина во Градот Скопје.

Пример за вакви барања има многу: верските објекти во општина Чаир, да бидат услов за формирање за померување на границата према општината Центар, “Градскиот стадион”, излетничкото место “Водно”, СРЦ “Сарај” пред малку беше спомнат. Сакам да укажам на следното. Катастарска општина да Сарај, но не Спортско рекреативниот центар “Сарај”. Овој центар е во првата фаза негова граден од Армијата, потоа е на Синдикатот, па потоа на граѓаните на Скопје. Таму ние немаме имоти на граѓаните од Ссарај, него тоа се објекти кои што фактички им припаѓаат на оние што ги граделе т.е. на Скопје, на Градот Скопје. Езерото “Треска”, па самопридонесот на нас, на мене, на вас, беше тој што го изгради Езерото “Треска”. Аеродромот “Скопје” и сл. Сите тие се достапни за сите граѓани на Скопје и би требало да се под влијание на Градот Скопје. Од овие причини, зачудува фактот што на овој план заради ваквите работи нека овдека провее и една мисла албанските општини во Скопје. Јас такви општини во Скопје навистина не би сакал да гледам. Општините во Скопје се на граѓаните на Скопје. И секаква ваква определбица ми сечини не ни користи.

На тој план веќе во една прилика се изјаснив и за Старата скопска чаршија. И овде беше спомнат на некој начин. Јас сакам да го кажам само своето мислење.

Тоа претставува единствен фрагмент на комплексен и урбан остаток од минатото. Со векови таа ја има улогата на неизбришлив жив документ за Скопје, за неговото движење, за неговиот развој и стагнирање. Тука се проткајувале далгите на културите, се кристаризирала некоја нова архитектура. Се создавале нови навики. Се чувствувал спојот на мирисот од Истокот и Западот од Медитеранот и од Балканот. Треба да се навлезе во минатото и во современото да се спознае хармонијата на овој дел од градот. За да се спознае и засака сето тоа е потребно постојано да се истражува и да се открива. Каде ќе копнеш таму, каде ќе чепнеш таму ќе најдеш жив археолошки дел кој ќе бара посебни истражувања. Ова не може да се остварува во општински меѓи и да се смета дека припаѓа на некоја општина. Затоа, сето тоа предлагам Старата скопска чаршија да има посебен третман. Како музеј под ведро небо, таа би требало да биде посебна грижа на градот Скопје, а за неа да се донесе посебен закон за Старата скопска чаршија која е надвор од општинските меѓи.

Што се однесува до просторната поставеност на другите општини во Скопје, односно на нивните специфични надлежности, ќе треба да се води сметка тие да бидат условени од она што ги поврзува граѓаните на одредено подрачје. И покрај тоа што Скопје е единствена урбана целина, постојат доста значајни обележја што може да ги разграничуваат тие нивни меѓи меѓи општините. Тука се значајни сообраќајници: реката Лепенец и Вардар, истакнати објекти и слични и треба да се води сметка за тоа. Секако, најважно е тие да бидат објективно определени, напуштајќи некој претходно веќе докажани грешки и пропусти. Сега ќе бидам и субјективен. Притоа сакам да ја истакнам состојбата меѓу Карпош и Ѓорче Петров. Во 1996 година по заслуги во наводници на одредени субјективни овде наши колеги пратеници со лењир во рака беше одредена границата меѓу Ѓорче Петров и Карпош, при што беа делени и куќните дворови и тезгите на пазарот во Ѓорче Петров, со цел да се задржат одредени стопански објекти во општината Карпош.

Отсекогаш една од најстарите општини во Скопје Ѓорче Петров од времето на Ханриево, Хвостов, околија Ѓорче Петров, општина Ѓорче Петров, границата меѓу неа и Скопје, бидејќи Карпош во тој период не постоела биле реките Лепенец и Вардар, а катастарската општина Влае секогаш во состав на Ѓорче Петров.

Експертскиот тим на Министерството за локална самоуправа во подготовките на овој закон  и неговото презентирање пред Владата излезе со исправка на претходните субјективни направени грешки. Но овој пат се случува на

ниво на Влада повторно од сугестии на субјекти - доскорешен градоначалник на општина Карпош, настојуваше да се задржи истата граница меѓу општините, со тобожна граница по некоја новопроектирана улица “Ацо Шопов” која никогаш или барем не во догледно време нема да биде остварена, а со единствена цел да се задржи постојната граница меѓу двете општини.

Доколку не се изврши корекција на текстот, и да се прифати првопредложениот текст што јас многу го почитувам бидејќи беше работен од експерти на Министерството, Вардар - Лепенец, тогаш како крајна отстапка би била улицата “Ацо Шопов” по целата нејзина должина до реката Лепенец, да биде гранична меѓа меѓу Карпош и Ѓорче Петров.

Ѓорче Петров од секогаш имал добри односи и соработка со општината Карпош. Граѓаните на Влае и сега ги користат многу објекти на Ѓорче Петрв: Здравствениот дом, Пазарот, Спортски објекти, Училишта, Црква и слично. Не би било добро да се создадат напнати состојби меѓу граѓаните на двете општини.

Ви Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ви благодарам господине Дојчиновски.

Реплика има господинот Рафис Алити.

РАФИС АЛИТИ:

Благодарам претседателе, мојата реплика се однесува на делот кога спомна претходниот говорник дека граѓаните на Скопје дале придонес за подигнување и изградба на рекреативниот центар во Сарај. Потполно се согласувам со овој дел, меѓутоа господинот Дојчиноски исто така треба да има предвид и да му е ставено до знаење дека жителите од Сарај и Кондово дале во текот на целиот период придонеси за изградба на инфраструктурата во градот Скопје и во Ѓорче Петров и да се даде таков предлог рекреативнот центар во Сарај да се земе од општина Сарај и да се даде во надлежност на град Скопје. Мислам дека тоа е дискриминација за тоа население. И не е вистина дека тој имот не бил на таа општина, туку е вистина дека не само селото Сарај, туку и населбата Сарај, или бараките треба да бидат една заедничка општина со општина Сарај и општина Сарај треба да биде дел од урбаните општини во Скопје, а не да имаат таков третман, каков што сега се предлага да биде рурална општина.

Во оваа насока мислам дека пристапот е погрешен и да има таков предлог рекреативниот центар да не припадне на општина Сарај. Тогаш се поставува прашање што треба да и припадне на таа општина. Да и припаднат само куќите на

селаните, или улиците и тоа што е инвестирано од самите тие жители да се земе од страна на Владата. Мислам дека ова е неприфатливо.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Имате една минута господине Дојчиноски.

КИРО ДОЈЧИНОВСКИ:

Како прво мислам дека треба да се има предвид следното. Целата година на јавна расправа беше генералниот урбанистички план на Град Скопје. Граѓаните и општината Сарај воопшто немаа забелешки. Во тој случај Сарај беше надвор од генералниот урбанистички план. Немаа забелешки затоа што како општина уживаа поголеми привилегии да речеме од граѓаните од општината Ѓорче Петров. Затоа така и му одговараат. Пред малку го слушнавме случајот со Арачиново подобро би било да остане сама отколку да биде општина во градот заради многу други бенифиции.

Кога станува збор за граѓаните на општина Сарај и за рекреативниот центар, јас лично во рекреативниот центар граѓаните ги гледам, оние што го користат. Тие не се само жителите на Сарај, туку граѓаните на Скопје. Не велам дека тоа треба да биде на Ѓорче Петров или на Сарај, туку тоа треба да биде на градот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Дојчиноски.

Повелете господине Агим Џелили, имате три минути реплика.

АГИМ ЏЕЛИЛИ:

Сакам да кажам нешто за дискусијата на колегата кој даде некои оценки по однос на општина Сарај. Со оглед на фактот дека се работи за Предлог закон врз основа на кој ќе произлезе јавната дебата.

Почитуван колега, сите сме граѓани на Република Македонија, така да како за албанците така и за македонците, главен град е Скопје, меѓутоа, објектите како што е Треска, како и рекреативниот центар Сарај се исто така на граѓаните. Меѓутоа, без претензии дека некој треба да има повеќе привилегии, во однос на овие два објекти, значајни за натамошниот развој, така да, Сарај го гледаме разголен од овие два многу значајни објекта.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете една минута господине Дојчиновски.

КИРО ДОЈЧИНОВСКИ:

Пред година и нешто прв пат се отвори со меѓународни средства мост преку Вардар за да ги поврзиме Сарај и Ѓорче Петров. Тогаш велевме ова не поврзува и нивниот градоначалник и ние што таму во тој период работевме. Мислам дека тоа треба да не поврзува, а не да не раздвојува. И сега се чудиме чиј е рекреативнот центар Сарај. Тој треба да биде на сите. Јас се согласувам со колегата. Меѓутоа, дајте да го бараме сега Сарај, да не го бара Ѓорче Петров. Едновремено, Олимпискиот комитет на Македонија го бараше. Таков третман и треба да му дадеме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Есад Рахиќ, а нека се подготви господинот Зоран Шапуриќ.

ЕСАД РАХИЌ:

Почитуван министре, драги колеги,

Овие денови сме сведоци на расправа која што ја водиме по пакетот закони за децентрализација. Имено, особено ме заинтересира Предлогот за донесување на закон за Градот Скопје. Ќе се обидам накратко да ги кажам моите дилеми, сваќајќи ги како роден скопјанец и човек кој што 40 години живее во Скопје и како парламентарец на територија на град Скопје, да ги кажам моите дилеми, по повод овој Предлог закон. Бидејќи нема да се повторувам ова што велат колегите за Скопје како административен, културен, индустриски и политички и секаков центар, протоколарен центар на државата. Сметам дека во одредени сегменти треба да се оди на децентрализација, а не на централизација и тоа ќе го образложам со следново. Ќе поминам веднаш на мојот предлог. Во член 19 став 1 точка 1, алинеја 3 во делот на надлежност на Градот Скопје, донесува детални урбанистички планови, урбанистички проекти и урбанистичка документација за населените места по претходно мислење на заинтересираните општини од градот Скопје. Мое лично размислување, имајќи го искуството дека ова треба да остане во надлежност на

општините. Од кој аспект? Конкретно зборувајќи за општина Карпош каде што живеев и имам искуство во периодот од 1990 до 1996 година не е изготвен ниеден детален урбанистички план. Во периодот од 1996 до 2004 година изготвени се 30 од кои 17 се усвоени, 13 се во тек во фаза на усвојување.

Сметам дека во овој сегмент треба така да остане, затоа што тука граѓаните најнепосредно ги остваруваат своите права. Ние имавме јавни расправи каде што учествувавме во измените на деталниот урбанистички план и обидите на некои места да се изгради некој објект каде што не одговара на инфраструктурата, граѓаните го спречија. Мислам дека ова треба да се префрли во надлежностите и ингеренциите на општината, да не ја повторувам дискусијата, со тоа во тој дел да се донесе како составен дел од таа алинеја дека Советот на Град Скопје треба да даде потврда на деталниот урбанистички план, донесен од страна на општината. Ова со право го кажувам, затоа што во претходниот период имавме заради одредени консталации на ниво на одредени општини во градот Скопје урбанистичко дивеење. Да не ги спомнам општините каде што дури и ингеренциите што ги имаше Министерството за транспорт и врски не можеа да ги спречат одредени моќници и градоначалници и советите што ги имаат под контрола да донесат детални урбанистички планови кои што верувам се во интерес на граѓаните. Во истиот член, во став 4, алинеја 1 пишува обезбедува изградба користење на магистрални, собирни улици и други инфраструктурни објекти. Сметам дека собирните улици треба да бидат во ингеренција на општините, затоа што токму тука доаѓа до преклопување и граѓаните дали зимно време, кога е снег за делот на чистење на улиците, не можат да си ги остварат своите права и сметам дека во овој дел општините треба да имаат поголеми ингеренции, за што градот има доволно можност на ниво на магистрални улици кои што ги има во голем број во Скопје, да може да ги остварува своите ингеренции.

Во алинеја 12 вели: "Донесува Програми и се грижи за изградба на магистралните и собирните улици на подрачја на Град Скопје". Исто сметам дека собирните улици треба да преминат во надлежнст на општинските собранија. Во член 17, тука беше дилемата што претходните дискутанти разговараа и тоа е мое размислување за уредувањето на овие паркови или спортско рекреативниот центар Сарај треба да се најде вистинско решение интересите на граѓаните да бидат максимално заштитени.

Сега во членот 20 каде се зборува за надлежност ан општините, во член 20 став 1 точка 1 вели: "Донесува Програма за поставување на времени објекти и

издава одобрение за нивно овластување". Мое размислување тука е дека ова право треба да му се даде директно на градоначалникот на град Скопје, затоа што ако се даде право на општинските власти да поставуваат времени објекти каде мислат и сметаат, градот ќе заличи на она што личеше. Сметам дека тука градоначалникот треба да ги превземе ингеренциите и да се додадат оние две алинеи каде што деталните урбанистички планови ќе бидат во надлежност на опшитните и дека одржувањето на собирните и станбени улици во делот на одржувањето и осветлувањето треба да се префрлат на ниво на општините.

Исто така, во точката 4 во алинеја 8 и 9 кој се дадени како надлежности на општината организира вршење радикација на животни скитници на подрачјето за кое го спомнав. Мислам дека градот треба да го прави тоа, затоа што едно куче ако помине улица на друга страна, ќе треба ли шинтерот да престане да го гони. Дали значи дека таму има имунитет на другата територија. Се однесува и за алинеја 9 каде што обезбедување вршење на дезинфекција, дератизација на подрачјето за кое е основано. Овие акции треба да бидат водени од еден центар, затоа што кога се вршат тие дератизации и дезинфекции, кога тие глодачи или инсекти се уништуваат на ниво на територија на една општина по подземните канали бегаат на друга територија. Мислам дека тука точно треба да се најдат надлежностите, да се замоли министерот овие наши размислувања на седница на Влада да ги уважи, инаку го задржува правото да интервенира амандмански во вториот дел од расправата за законот.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Рахиќ.

Збор има пратеникот Зоран Шапуриќ, а нека се подготви пратеникот Џевдет Насуфи.

ЗОРАН ШАПУРИЌ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитуван министре,

Положбата на главните градови во некои земји, а во некои земји и на другите поголеми градови, не само на главните градови, е уредена со посебен закон.

Исто така во еден дел од овие земји и положбата на главниот град и неговиот посебен статус е дефинирана со Уставот. Тоа е случајот и кај нас, каде што со членот 117 од Уставот на Република Македонија е уредена посебна положба на

главниот град, како посебна единица на локална самоуправа, значи со посебен статус. И оттаму, посебниот статус на градот Скопје произлегува од Уставот, од највисокиот правно-политички акт.

Оваа уставна одредба, се разбира треба да се операционализира со посебен закон, односно со Законот за Град Скопје, чие разгледување во прва фаза е денес. Бидејќи ова е прва фаза на законот може да претрпи и подобрување на законот и за тоа има време, бидејќи ако се потсетиме во 1996 година, веројатно и министерот ќе се потсети на тој период, бидејќи беше пратеник и претседател на Законодавно - правната комисија, Законот за Град Скопје беше донесен во една фаза набрзина, на само десетина дена пред распишувањето на локалните избори.

Затоа веројатно, поучени од овие лоши искуства, имаме доволно време да расправаме во прва фаза потоа Министерството и Владата, јас очекувам исто така дека Собранието ќе заклучи, по завршување на оваа фаза, да се задолжи Владата, односно Министерството да организира јавна расправа по овој закон, со цел за подобрување на решенијата кои се предвидени во овој закон. Да ја расчистиме дилемата, бидејќи многу се зборуваше за структурата на главните градови, за положбата и за статусот, како што е и нашиот град. Воглавно, морам да кажам дека голем дел од тие дискусии беа паушални и нецелосни, со непознавање на работите, бидејќи светските и европски искуства кажуваа три начина на уредување на посебниот статус на главните градови, односно некаде како што кажав во некои земји и другите големи градови, освен главниот град се уредени со посебен закон.

Првиот модел значи дека градот е единствена локална единица, а во него постојат деконцентрирани, а не децентрализирани делови, што значи градот има единствена структура без општини, во него не постојат општини.

Вториот модел значи дека подрачјето на градот е утврдено само во најтесното подрачје на градот, а околу градот се населбите во вид на прстени како посебни општини кои го опкружуваат градот. Таков е случајот на пример со Љубљана, Загреб, Лондон, Рим, но и во другите големи градови во САД, како што е случајот со Чикаго, Монтреал во Канада итн, при што во Рим и Лондон постои посебна единица на локална самоуправа во смисла на поширок метрополиски град, заедно со околните општини и градот, а и самиот град како посебна единица на локална самоуправа во потесното градско подрачје.

И на крајот, како трет модел на организација на големите градови, односно главните градови е моделот според кој во негов состав егзистираат општини со својство на правно лице, бидејќи многу се зборуваше за оваа дилема. Значи ако е

општина, таа мора да има правна основа во својство на правно лице. Додека кај квартот може некогаш да има, но по правило нема својство на правно лице бидејќи дистиг, ародисман и слично, значи всушност, деконцентриран дел на градот.

Но во секој случај без оглед каква е организацијата, мора прецизно и стриктно да се разграничат надлежностите, доколку се прифати овој трет модел, а очигледно интенцијата на законот е во тоа, мора прецозно да се разграничат надлежностите помеѓу градот и општините бидеќи и досегашните искуства покажуваат на многу нејаснотии и недоразбирања и недефинираност на надлежностите. Од таму очекувам овој закон, ако го задржи овој концепт да сосема ги расчисти сите тие дилеми, при што ние не можеме да имаме, бидејќи некои пратеници се прашуваа дали може да имаме двостепен на локална во градот. Не можеме бидејќи Уставот е таков, исто така и законот за локална самоуправа, постојат во врска со овој трет модел како подмодели каде што градот е второстопана единица на локална самоуправа. Но да расчистиме дека според Уставот не може да постои двостепеност на градот. Во нашиов случај како што кажав е избран третиот модел за егзистирање на општини, како што е случајот на пример со Истамбул, Брисел, Будимпешта, Амстердам и некои други градови, наспроти пак Париз, Виена, Прага и други градови каде што органицзацијата на градот е без општини, при што најчесто е потесното градско подрачје претставува посебна единица на локална самоуправа или пак како што е во Париз каде што е поделен на 19 арондисмани, деконцтрирани делови на градската управа. И од таму би сакал и за понатамошниот тек на дискусијата, и тоа ми беше поентата да ги расчистиме овие дилеми бидејќи јасно е кој модел и како го разработува законот, што не значи дека не може да се промени моделот. Но како што кажав, без оглед на тоа кој модел се применува, мора да се задржи целовитоста на градот и да бидат унифицирани, или барем во голема мера унифицирани одредени критериуми, услови и стандарди во многуте сфери, како и да бидат одредени надлежности единствени за целиот град, надлежности пред се фиталните дејности на градот, но и одредени битни делови на градот, без оглед на тоа каде се наоѓаат во која општина да бидат под ингеренциите на градот. Зошто го зборувам ова. Доколку не би се постигнало ова, би значело во спротивност би се расцепкало единствното и целовитоста на градот и би можеле да се доведеме во апсурдни ситуации. Замислете на пример кога јавниот градски превоз што практичноможеби е неизводливо, меѓутоа теоретски доколку се отиде во апсутизирање на барањата на некои општини, тогаш секоја општина би значело преминување на патниците од еден во друг автобус при преминувње на општинските

граници, или замислете го водоводот кој е единствена мрежа или гасификацијата во иднина може да биде во градот бидејќи е тоа случај со многу други градови или пак топлификацијата кога би се разделувала од општините и затоа треба да мислиме дека без оглед кој модел да се прифати мора да има целовитоста во градот во ниеден случај не смее да биде загрозена. Но ова според мене значи и за други јавни служби, односно други јавни дејности, како што се комуналната хигиена, односно изнесувањето, транспортирањето и складирањето на отпадот, уредувањето на зеленилото и некои други комунални дејности треба да бидат, според мене исклучиво во надлежност на градот. Пред се заради еднакви стандарди и јасно лоцирање на одговорноста.

Некои пратеници паушално во претпладневниот дел дискутираа како тревата зелене, како жолтее, без притоа да имаат поима кои се надлежности на кого и од таму очекувам да добро ги проучат законските прописи, и сегашните и овој закон. Не се однесува на сите, но поодделни пратеници очигледно не го прочитале добро законот, ниту пак го знаат постојниот закон, односно на кој начин е уреден Градот Скопје према постојниот закон. Јас затоа сметам дека не се прифатливи барања, а некои, не на сите на некои општини во Градот Скопје да ги вршат одредени комунални дејности кои го шти напоменав паралелно со градот што би значело дуплирање на надлежностите или пак да ги вршат тие наместо градот. Исто така сметам дека во членот 18, каде што е предвидена супсидијарна одговорност на градот доколку општините не ги извршуваат во Скопје надлежностите. Ако е прифатен веќе овој модел, ако се прифати моделот на градот со постоење, односно егзистирање на општините, во тој случај треба надлежностите јасно да се разграничат, не може да има супсидијарна одговорност. Значи средствата ќе се поделат на општините, обврските, надлежностите тие не ги извршуваат градот да ги преземе. Тоа би можеле единствено со евентуалната спогодба помеѓу општините и градот. Во случај да општините каже оваа и оваа надлежност не е во можност да ја извршува и да ја пренесе на градот и ако јасно се разграничат работите нема потреба од супсидијарна одговорност, напротив пак ќе дојде до недоразбирање и нејасно лоцирање и на одговорноста и на обврските. Оваа супсидијарна одговорност може да се предвиди и се предвидува во некои земји каде што има двостепен систем на локална самоуправа и она што го зборувавме за законот за територијална поделба каде што во оние системи каде што егзистираат многу мали општини, што некои го бараат овде а не е можно од повеќе причини, бидејќи во тие системи округот, второстепената локална единица, регионот или без оглед како се

нарекува супсидијарно ги превзема надлежностите од општината доколку општината не ги врши. Во овој случај мислам дека овој член треба да се брише бидејќи би можел во практиката да создаде големи загуби. Понатаму, некои објекти кои се од значење на градот би требало да бидат, градот како цел град мислам, на сите скопјани, на сите жители, без оглед каде живеат, кој реон, кој кварт, која општина и тн. би требало да бидат исклучиво во надлежноста на градот. Зарем би можело, на пример парк шумата Водно да ја поделиме на одредени општини. Да кажеме до овде е Кисела Вода, до овде Центар, општина Карпош и тн. Таа е единствена. Исто така рекреативниот центар Гази Баба тој е единствен без оглед каде се наоѓа треба да биде под ингеренција на градот. Но истото го сметам, без оглед на тоа што некои не се согласуваат за центарот, Спортско рекреативниот центар Сарај, езерото Треска, бидејќи тие припаѓаат на градот без оглед каде што е локацијата. Исто така треба да го имаме предвид фактот дека е граден со референдумот на граѓаните. Значи граѓаните на Скопје партиципирале во уредување, односно финансирање и сосем е логично тие да бидат. Морам да ви кажам почитувани пратеници дека во многу земји постојат можности одредени објекти општината или градот да бидат во негова надлежност и во негова сопственост и вон границите на одреден град или одредена општина. Тоа е случај со големите градови густо населени каде што одредени вакви објекти не можат да се изградат на подрачјето на градот, тогаш градот ги гради надвор од самото подрачје, односно оние урбани граници бидејќи тие урбани граници сепак, колку и да се настојува да се природни, а не административни, во некоја мера мора да се согласиме дека сепак се утврдуваат административни и морам да кажам дека во многу големи градови често пати се менува подрачјето на градот. Но исто така мислам дека треба да биде во исклучива надлежност на градот и тврдината Кале, потоа пазарите, главниот Градски Плоштад кој е обележје на градот кој што се гради, без оглед што некои дискутираа дека не се гради, не се градеше поради недобивање на дозволи но ете да го оставиме тоа бидејќи доста се дискутираше, потоа обалата и кејот на реката Вардар. Мора да бидат во надлежност на градот затоа што сега имаме многу акции, многу ентузијастички акци од страна на општините и успешни делумно, но не координирани бидејќи одредена општина од одредена страна го расчистува коритото на реката Варда од другата не или пак одредена другата година го уредила Кејот, не го уредила и од таму мислам дека течениeто на реката Вардар, самото корито на реката, односно и обалата мора да бидат во надлежност на градот. Зарем почитувани пратеници Градскиот Парк не е

од интерес на целиот град. Зарем паркот Жена борец и некои други слични објекти не се од интерес на целиот град, старата чаршија, како што кажав тврдината Кале и некои други  во овој момент можеби не можам да се сетам на сите, но во секој случај сите овие објекти очекувам, почитуван министре да бидат вградени децидно во законот за да немаме утре недоразбирање што е надлежност, чива и на која општина, а гледам од сега уште се појавуваат некои дилеми и недоразбрања меѓу пратениците, меѓу градоначалниците а камо ли меѓу граѓаните.

Најбитната сфера на надлежностите на локалната самоуправа е секако во урбанизмот и просторното планирање. Значи овде треба да се задржи најмногу целовитоста на градот и затоа сметам дека генералните, односно основните планови, како и деталните планови, иако некои општини не се согласуваат бараат деталните планови да ги донесуваат општините, треба да бидат  исклучиво во надлежност на градот. Зошто? Зборувавме, за да се задржи целовитоста и унификацијата на градот, да се задржи единствена политика на изградба на градот, но и јасно да се лоцира одговорноста. Бидејќи ни претстои процес на децентрализација каде што централната власт,  односно Министерството за урбанизам ќе биде растеретено од надлежностите, нема да имаме веќе ситуации како сега да се префрла вина меѓу локалната власт и централната, најчесто преку Министерството за просторно планирање и животна средина или помеѓу Министерството за транспорт и врски, не само од причини за единството туку и за јасна и прецизна одговорност бидејќи во спротивно повторно нема да има ниту јасна одговорност, ниту унификација бидејќи генералниот план, знаат урбанистите тоа многу подобро, содржи само определени основни параметри за изградба, додека деталниот го детализира и од таму расцепканата одговорност би била навистина неадекватна. Исто така сметам дека и со програмите за времени објекти треба да ги донесува градот заради унификацијата. Но сметам доколку се задржи овој концепт би можеле да издаваат одредени дозволи или пак заедно да постои  согласност меѓу градот и општините со тоа што општините не би биле сосема исклучени од овој процес на урбаната сфера, но во секој случај со ова би се расчистила дилемата и би се постигнала единствена политика,  единствен изглед на времените објекти за кои што гледаме дека владее навистина големо шаренило во градот. Ова што го кажа претходниот дискутант дека за собирните, мислам дека решението е добро градот да се држи за главните и собирните, односно магистралните, додека споредни помали улици како и некои детски игралишта,  потоа помали паркови, пешачки патеки, спортски игралишта би можело да се грижат општините.

Почитувани колеги, почитуван министре, ние малку зборувавме и кога зборувавме за законот за финансирање на единиците на локална самоуправа, односно на општините. Посебноста на градот би требало да се изрази не само во посебните надлежности, иако морам да кажам дека некои посебни големи ингеренции, како што се зборуваше за ова имаше и доста реплики и контрареплики не гледам дека некои екстра големи ингеренции добива градот, особено виза ви некои европски искуства кои што само бегло ги напоменав, а во друга прилика доколку има јавни расправи, комисиски расправи јас сум подготвен и подетално да ги елаборирам.

Посебноста на градот освен надлежностите треба, почитувани колеги да се изрази и во финансирањето, без оглед која политичка партија, кој субјект го има мнозинството во советот на градот, кој го има градоначалникот, трајно тоа треба да се реши бидејќи мора да биде тоа прашање регулирано не само во законот за финансирање каде што не е предвидено, туку и во овој закон бидејќи во многу големи градови, односно главни градови во многу држави тие имаат посебен статус и во финансиска сфера. Примерот е со Загреб, со Турција со Истамбул и Анкара како поголеми градови каде што одреден дел од вкупно собрани давачки по сите основи припаѓа на големиот град.

Јас исто така очекуам да бидат доразработени и прецизирани некои надлежности во областа на екологијата и заштита на животната средина и тие да бидат не само во оној основен закон, туку и во овој закон вклучени бидејќи екологијата не е денеска, односно заштитата на животната средина помодарски трен, таа е нужност, потреба и треба да добијат уште поголеми надлежности и општините и градот, во спротивно не би се случило да се палат гуми, односно да се увезуваат 2000 тони гуми од Министерство за животна средина. Јас очекувам ова Министерство за животна средина и просторно планирање, бидејќи дака се вика, да се вклучи во изготвување на овој закон, да помогне или пак барем нешто да научи. Да научи дека до 1996 година општините во Градот Скопје, а меѓу нив и Кисела Вода не беа надлежни за деталните планови и затоа беше градот надлежен и за деталните и за основните и затоа сакам да се прецизира, бидејќи и министерот од тоа министерство бил градоначалник а не ги познава прописите и очекувам да, вклучувајќи се во овој закон, евентуално нешто помогнат или пак да научат.

Но, исто така да научат дека точноп е тоа дека локалните едници се надлежни за озеленувањето. И тоа пак после 1996 година. Не во оној период 1996 каде што се повикуваат, меѓутоа трослојни еколошки заштитни појаси околу потенцијални

загадувачи се обврска на фабриката. Од таму, очекувам Министерството за заштита на животната средина не издава повеќе паушални непроверени соопштенија, изјави во јавноста, да се обидува да создаде забуна.

Но, ова го мислам бидејќи навистина Министерството за локална самоуправа е базично во изготвување на овој закон, но пак овие надлежности, границите треба да бидат вклучени и другите министерства, Министерството за транспорт и врски, Министерството за животна средина и просторно планирање.

Ако се прифати концептот на градот со општини, прво би кажал неколку зборови при крајот и за општината од каде што потекнувам, за општината Кисела Вода. Таа е најголема по бројот на жители. Тоа е точно. Меѓутоа, по површина не е голема, бидејќи 10 км или 11 км е некаде во должина, почнувајќи од таканаречената Рампа или од старата Железничка станица до Ново Лисиче, каде што е помалку или пак од Рампа до Драчево каде што должината изнесува 11 км, а ширината е уште помалку, околу 7 км. Значи, не се работи за некоја општина во географска смисла, за некоја општина. Ќе кажам на крајот и за општина Драчево, иако се помина на концептот за три општини во поранешна Кисела Вода на две, мислам дека сепак, традицијата укажува, целовитоста и економскиот развој дека треба сериозно да се размисли дали треба општина Кисела Вода да се дели на два дела, бидејќи веќе постои поврзаност, социолошка, економска и било каква, па и географска, можеби остануваат уште еден-два дела да се поврзат помеѓу Пинтија, Аеродром, Драчево, Ново Лисиче, Пржино, Мичурин, Црниче, потоа 11 Октомври, Кисела Вода и некои други населби. Но, во секој случај, постои некоја целовитост.

И на крајот, доста дискутанти зборуваа за Драчево. Но, морам да ви кажам, сигурно ја познаваат состојбата во Драчево, но јас одговорно ви тврдам , посебно дискутантот Крстевски кога дискутираше, не може да наброи 5 улици во Драчево, а дискутира за положбата во драчево. Јас можам да ви кажам дека го знам секој дел од Драчево, од населбата таканаречени новоградби што се обидуваат да ги наречат дивоградби. Тие не се дивоградби бидејки егзистираат веќе 40 години или пак селото Драчево. 1996 година, постоше дилема дали да биде општина Драчево. Тогаш мнозинството од населението се изјасни деа не сакаат да бидат , дека сакаат да бидат во состав на Градот, дека сакаат да бидат во општина Кисела Вода. Априори не можам ни сега да кажам, можеби расположението се променило, можеби не, во секој случај би апелирал Минситерството за правда посебно, а можеби и Минситерството за локална самоуправа да и помогне на општината Кисела Вода конечно да го спроведе тој референдум бидјеки се држат

референдуми, гледаме и во населби со 200 жители да е спроведе во тој дел околу 25-30 илјади жители каде живеат, каде граѓаните на селото , населба и новоградбите Драчево ќе можат да се изјаснат дали се или не се, но и соседните населби на кои што се повикуваат, Пинтија, Долно и Горно Лисиче и некои други за конечно да се расчисти таа дилема дали се или не се. Во спротивно би било само поттикнување, манипулација со желбите и мислењата на граѓаните на овој дел. Јас лично мислам дека многупати до сега мнозинството, одговорно тврдам, од Драчево, се изјаснило дека сака да биде во Кисела Вода. Но, не прејудицирам, така што ако се организира референдум би можело сериозно да се разгледа и тоа прашање.

Благодарам што ме сослушавте и се надевам дека добар дел од забелешките ќе бидат прифатени и дека Министерството,како попретходниот закон, така и по овој ќе организира серија јавни расправи каде што може да се дискутира по овој текст малку подетално.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Збор за реплика побара г-динот Трајановски.

Повелете.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам потпретседателке.

Репликата се однесува на колегата Шапуриќ, во делот за Драчево, каде што говореше околу тоа дали треба, може или дали да се предвиди Драчево да биде посебна општина, заедно населба Драчево, село драчево и село Долно Лисиче или Горно Лисиче незнам. Бидејки кај мене дојдоа од Координативното тело што е таму формирано и тие имаат една поширока кампања во која што прават трибини, со оглед на тоа што не се посебна општина и не можат да распишат референдум, каде дел од граѓаните се изјаснуваат , незнам колкав е тој, но голем дел од граѓаните се изјаснуваат дека Драчево заедно со овеи населени места сака да биде посебна општина. Јас во говорот не го разбрав г-динмот Шапуриќ дали тие сакаат да бидат во Кисела Вода или не. Околу тоа ни е дилемата.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Господинот Шапуриќ ќе објасни.

Повелете.

ЗОРАН ШАПУРИЌ:

Благодарам госпоѓо потпретседател,

Јас би ви кажал почитуван колега Трајановски дека во овој момент, поради седницава, не сум присутен бидејки се одржува една таква трибина во Драчево.

Постои едно Координативно тело, што псотои веќе 20 години. Меѓутоа до сега мнозинството на граѓани не го подржувале ова тело. Тие луѓе се исти. Но јас, како што ви кажав, не значи дека волјата на граѓаните не се променила. По мое не.

Затоа апелирам сите овие прашања би можеле да се решат со референдумско изјаснување на граѓаните, но не само на Драчево, ја заборавивте Пинтија, туку и на Горно и Долно Лисиче, бидјеки тоа Координативно тело токму тоа го бара. Дури има барање да се приклучи и селото Љубош и Батинци.

Значи, моето е , бидјеки добро не ме разбравте, а верувајте добро ги познавам приликите во Драчево, за секое катче можам да ви кажам и сега, голем дел од граѓаните ги познавам, нивното мислење и расположени, најдобро би било да се спроведе такво изјаснување. Во спротивно би било манипулација, било да се работи од политички партии, било да се работи од пратеници, од градоначалници, координативни тела, месни заедници и т.н.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Одиме понатаму со дискусија.

За збор се јави г-динот Џевдет Насуфи.

ЏЕВДЕТ НАСУФИ:

Дами и господо пратеници, госпоѓо потпретседател на Собранието,

Кога ќе го слушнете претходниот говорник добивате впечаток дека Градот е на Либералите.

Денеска, тема на разгледување е всушност последен дел од првата фаза на пакетот закони  што е во однос на децентрализацијата. За жал, можеби е банално да се повторувам, да се повтори одлучноста на предлагачот на законот трите проекти да бидат далеку од објективот , од целта на тоа да се создаде рамноправност на албанците во Макеоднија,  а сега посебно и  во Скопје.

Сите знаете дека ова беше основна и главна цел на самата децентрализација , на пакето што треба да го усвоиме, од причина што е во функција и всушност беше во функција на тоа да го разреши конфликтот.

Токму од оваа причина потребно ми е да направаме едно мало потсетување на Рамковниот договор, да цитирам еден дел од тој Рамковен договор.

Во договорот се вели дека развојот на локалната демократија е од посебно значење за стимулација на граѓаните во одлучувањето, во поставувањето на демократијата и за почитување развојот и идентитетот на етничките заедници. Ова е од Рамковниот договор. Нагласувам, развој на идентитетот на етничките заедници.

Ако се усвојот овие предлози што се во законот, што се однесвуа на Скопје, прашањето е многу јасно, бидјеки на крајто на краиштата сме во Парламентот, прашањето е дали ќе биде можно преку овој дел од деценнрализацијата да се постигне рамноправност на албанците и балансирање во вистинското имплементирање на Охридскиот договор. За жал, кога го велам ова, дали ќе се успее, мислам на еден ноторен факт, од причина што Скопје, токму во албанскиот дел е економски понеразвиен. Истовремено има и најслаба инфраструктура.

За да нема недоразбирање, во поглед на тоа што јас мислам или лошо толкување на тоа што го нагласувам, повторно ќе се послужам што решенијата што самите сте ги предложиле во Прелдогот на законот.

Во прв ред, огромна грешка е тоа што општините во Скопје се определвуаат со Законот за Град Скопје. Ова е уставна дилема, а на крајот на краиштата, затоа што територијата и границите на општините се определуваат со Законто за територијална организација.

Посебен е статусот на Градот Скопје. Не може со тој закон да се определуваат територии на општини и т.н. На крајто на криаштата, ова решение го имавме во актуелниот закон, Законот што треба да го измениме Уставната дилема е многу голема. Друг пропуст, глобален пропуст, стратешки пропуст е дека на тие општини, кои што можеби на неуставен начин ги определувате, немаат суверенитет на општина. Реферирам според членто 115 од Уставот. Меѓутоа, исто и Законот за локална самоуправа. Знаеме дека во Македонија немаме локална самоуправа од два степени. Ова е уставна категорија. Ако аплицираме локална самоуправа од два степени, тогаш имаме уставен проблем. За да бидам по конкретен, ве уатувам на членот 15, членот 17, членот 19 од истиот Закон.

Ве молам, дозволете да направам една мала дигресија.

"Градот Скопје, во рамките на законот во согласнсот со начелото на субсидијарност има право на свое подрачје да ги врши работите од јавен интерес од значење на Градот Скопје".

Продолжуваме со членот 17"

"Општините во Градот Скопеј, во согласност со закон и општите акти на Градот Скопеј", значи повторувам "општите акти на Градот Скопје" ги регулира прашањата од својата надлежност.

Меѓутоа, по карактеристичен е членот 19 каде што на дециден начин се определуваат надлежностите на градот, не на општините. Градот донесува урбанистички план на Градот, ја регулира обласа на одбраната , заштита на човекводата средина, регулира локален економски развој, регулира комунални дејности, регулира култура, иако минситерот ја прави таа дигресија, регулира образование, се подразбира, единствената дефиниција каде што е точно и прецизно кажано дека се говори за средното образование, регулиран спорт, социјално згрижување, здравствена заштита и т.н.

За да биде врв на сето ова тоа е точката 11 од овој член каде што се вели:

"Градот врши надзор над работата и законитоста на актите на општините во Градот Скопје и инспекциски надзор во областите и надлежностите на Градот Скопје, на работите што ги вршат општините и над извршувањето на актите и нивната надлежност". Значи, ова се надлежностите што се најглвни. Фактички, на Скопје му се дава еден елемент што го има државата.

За разлика од ова да споредиме сега со надлежностите на општините, во следниот член, во членот 20:

"Покренвуа иницијатива", па повторно "покренува иницијатива" во другиот член, кај економскиот развој исто така "покренува иницијатива" и т.н. Додека само една надлежност е децидна, а тоа е образованието , основното образование или почетно образование, бидејки се знае дека тоа е и најпроблематично образоване. Затоа , во оваа прилика им се остава на општините да кршат глава со ова прашање. За да биде уште подрастично ова фраглантно индервенирање во надлежностите на општините, на крајот се вели дека програмите, дури и тие програми иако се такви мора да добијат согласност од Градот Скопје. Всушност ова покажува дека фактички се прави, овде немаме дискриминација, всушност, тоа веќе не се општини. Всушност, тоа се локални заедници што се во рамките на општините определени во рамките на Законот за територијална организација. Сега, овој недостаток, ова неадекватно решение споредете го со членот 22 од Законот за локална самоуправа,

каде што на дециден начин се определени кои надлежности ги имаат општините. Тие надлежности не можат да се исклучат, со акти као што е законот за Скопје. На крајот на краиштата тоа е основен закон што ја регулира оваа област. Тој ја има потполната подршка на Уставот.

За да биде ова поубедливо, ја гледаме и сферата на финансирањето. Во таа сфера продолжува истото. Повторно да ве упатам на членот 26 и 27 во кои сите приходи од членот 25 до членот 27 се администрираат, се управуваат од Градот. Со исклучок на донациите. Во членот 27 има “приход на буџетите на општините во Градот Скопје остварени од донации се искажуваат во нивните буџети и тие со нив самостојно располагаат”. Ве молам, се подразбира дека никој нема право да интервенира кај донациите. Значи, ова е флагрантна повреда на автономијата на институцијата општина.

Сега се поставува прашањето дали имаме вистинска децентрализација во Скопје? Напротив, јас мислам дека овде имаме централизација од посебен вид. Ваквите централизации се штетни за мултиетнички средини. Затоа, албанците се гласни прортив ова решение. Затоа и тивкиот марш што го организира ДПА беше во оваа функција. Јас мислам дека, ако не внимаваме за да создадеме вистинска децентрализација во Скопје, за жал, ќе ја изгубиме шансата за етничко консолидирање во Скопје што е нопходна и потребна за сите нас.

Што друго на овој политички план го карактеризира овој предлог на Валдата.

Повторно го карактеризира една доза, еден степен на гетоизација што се забележува. Тоа што го спомнав и порано.

Всушност го споменаа дискутантите од Демократската партија на која што и јас и припаѓам , Сарај и рекреативниот центар во Сарај е еклатантен пример меѓутоа го чекаме предлогот од министерот кој што има разбирање за овој дефект во законот . Меѓутоа мислам дека не е воопшто од иста тежина и пропустот со Визбегово затоа што и Визбегово нетреба да се одземе од Чаир и да се припои кон Ѓорче Петров колку што се сеќавам туку треба да се остави како природна врска на Чаир, треба да се подобри границата што се однесува на општина Чаир бидејќи соголувањето на Чаир од економските објекти, од објектите на инфраструктурата , од објектите кои што имаат определени вредности, културни вредности , развојни, историски вредности , ова е израз на недоверба. И еден голем недостаток, пропуст кој е присутен, за жал, ако проектот оди на овој начин, треба да се создаде општина Кале како една од целите за реализирање на целта која ја нарекуваме

рамноправност, меѓуетиничка рамноправност, мировна коегзистенција меѓу сите во Скопје.

Третиот елемент, кој за жал не е присутен овде, е албанскиот јазик. Формулацијата која сте ја направиле во членот 32 или 33, г. министер, не е решение на проблемот на албанскиот јазик на албанците во Скопје. Јас споменав дека во Скопје живее околу 1/3 од албанското население во Македонија и неможеме албанскиот јазик да го ограничиме само во Тетово и Гостивар. Албанскиот јазик треба да го инсталираме и во Скопје.

Предложеното решение во членот 32, со кое всушност го цитирате Уставот, нема потреба да се цитира Уставот во Законот. Во законот треба да се операционализира, да се операционализираат уставните начела. А што се однесува на членот 33, формулацијата личи на една политичка демагогија, со која ние неможеме да се согласиме. Ако се две општини, меѓутоа ако не се - хипотетичко прашање. Ако не се, тоа е едно.

Второ, што се сака да се каже со формулацијата “со органите на Градот Скопје”, со овој израз имаме проблеми овде во Парламентот. Не сакаме да создадеме проблеми, всушност , сакаме да создадеме проблеми и во градот. Не е во ред. Ако се рече дека имаат право, треба да се дефинира добро. Ако се рече дека немаат право, треба да се дефинира дека немаат право и тоа е прашањето. Всушност, мислам дека и албанската позиција и македонската позиција треба да имаат разбирање за овој предлог на нашата демократска партија, со цел Скопје или да го направиме како едно уставно решение, како целина без општини, припојувајќи ги и Арачиново и Кондово и Сарај, со намера да се постигне тоа што рековме, албанскиот јазик да биде службен јазик во Скопје или  на крајот да ги вратиме општините, меѓутоа, во духот во кој ги прифаќа Уставот и Законот за локална самоуправа, со тоа што ќе се додаде и општина Кале.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г. Насуфи.

Има збор пратеникот Елеонора Петрова - Митевска, а нека се подготви пратеникот Ѓорѓи Оровчанец.

ЕЛЕОНОРА ПЕТРОВА - МИТЕВСКА:

Благодарам г. претседател.

Колешки и колеги пратеници,

Денес слушнавме голем број на издржани, сериозни конструктивни дискусии за Предлогот за донесување на закон за Градот Скопје, кој всушност е дел од пакетот закони кои ја прават основната рамка на системот на локална самоуправа со кои се заокружува процесот на децентрализација.

Беше кажано, меѓутоа, можеби е потребон да се нагласи дека според членот 17 од Уставот , при што јасно се дефинира дека Градот Скопје е посебна единица на локалната самоуправа и одтаму целта на овој закон е да ја дефинира организацијата на Градот Скопје во уставни рамки, но и да овозможи поширок учество на граѓаните од локално значење за Градот Скопје.

Кога станува збор за организацијата на Градот Скопје, Владата во стратегијата 1999 година веќе се судри со проблемот на недоречености и нејаснотии во разграничувањето на надлежностите меѓу Градот Скопје и општините и заради тоа се покажа дека е потребно да се воспостави организација која ќе ја подигне ефикасонста во вршењето на работирте од јавниот интерес.

Во оваа прилика, бидејќи досега не беше експлицитно кажано, би сакала да кажам дека пратеничката група на СДСМ во целина ја подржува првата фаза од донесување на законот за Град Скопје и во таа насока јас би понудила неколку конструктивни дискусии, односно би сакала да споделам неколку европски искуства со вас, очекувајќи дека Владата ќе ги прифати или ќе размисли за нив во втората фаза.

Она што би сакала посебно да го нагласам, бидејќи не би сакала да ги повторувам дискусиите кои беа кажани од претходните дискутанти во текот на денешниот ден е односот во однесувањето, организирањето, менаџерирањето и функционирањето на старите градски јадра, на градските средини на потесното градско подрачје во целина, обично оние делови од градот кои по својот состав претставуваат дел од споменичкото и културно-историското наследство на еден град. Секаде во Европа ваквите културно-историските целини, ваквите градски јадра, ваквите културно-историски споменици се менаџерираат, се организираат и функционираат во рамките на градот, бидејќи се смета дека се значајни за сите граѓани подеднакво и функционирајќи како една целина овозможуваат не само градот да функционира подобро, туку и да бидат во функција на употреба, односно на потребите на сите граѓани, а не само на граѓаните од градот, туку и на посетителите кои ќе дојдат од страна. Ваквото менаџерирање на градот со градските јадра, со градските целини, со културно-историските споменици во градот се покажало мошне корисно од гледна точка дека на тој начин подобро може да се

менаџерира културниот туризам, може да се донесат закони кои го засегаат живото наследство, кои овозможуваат развој на занаетите, кои овозможуваат нови културни индустрии и создавање на културни индустрии, обичаи итн. и сето тоа во развој на културниот туризам како целина, а со тоа и туризмот воопшто на една земја.

За таа цел, сметам дека Министерството за локална самоуправа сепак треба да ги земе предвид ваквите гледања во европски рамки и Старата Скопска чаршија, која е дел од Градот Скопје, а која со новите меѓи е омеѓена во рамките на општина Чаир, да биде ставена под грижа и интерес на Градот Скопје, со цел за полесно менаџерирање и одржување на еден ваков ансамбл на културно-историски споменици и архитектонски споменици. Во сето ова би можело за подобро функционирање, покрај Министерството за локална самоуправа кое сега би го одредило овој начин на менаџерирање, би се вклучиле и Министерството за култура, Министерството за транспорт и врски, Министерството за финансии и се разбира Министерството за животна средина, како што е сето тоа организирано и како се вклучуваат разни министерства во организирање на вакви целини во Европа. Само да споменам како е организиран Петит Франс во Стразбург, како е организиран квартот Маре во Париз и не би се задржувала на балканските комплекси и целини, кои на сличен начин се организирани. Меѓутоа, морам да кажам дека Република Македонија и досега водела посебна грижа за Старата Скопска чаршија, третирајќи ја секогаш како посебен ансамбл во архитектонска и културно-историска мисла и водејќи сметка како таква да биде и досега третирана од законот. Таа е евидентирана како споменик на културата уште во 1963 година, но бидејќи тоа се случи пред земјотресот, документот беше изгубен, па истиот овој документ мораше да биде предонесен во 1969 година, за да биде ставен овој споменик на културата под заштита на Законот. Со Деталниот урбанистички план во 1999 година, Советот на општина Центар во 2000-та година ја стави Старата Скпоска чаршија во сферата на интерес и на општината Центар и на граѓаните и врз основа на овие документи, а морам да кажам дека 2000-та година бев претседавач на Советот на општина Центар и затоа ги знам овие детали. Во 2000-та година од Заводот за заштита на спомениците на културата на Град Скопје беше донесен елаборат за редефинирање на спомениците на културата во Старата Скоппска чаршија, што покажува дека интересот за Старата Скопска чаршија континуирано е во сверата на интерес на оваа држава. Во оваа свера се сметаше дека Старата Скопска чаршија треба да биде заштитено подрачје, споменик на културата, бидејќи од особена важност беше

да имаме заштита на објектите и архитектонските ансамбли како целина и тогаш се сметаше дека е потребно да се направи една стратегија за заштита и ревитализација, која ќе биде усогласена со европското законодавство. Значи, веќе можеме да зборуваме за посебен интерес не само за градот туку на државата за Старата Скопска чаршија и затоа сметам дека на Владата, односно на Министерството за локална самоуправа нема да му биде тешко во оваа насока да ги одреди и параметрите, кога станува збор за овој значаен архитектонски и културно-историски комплекс.

Значи, што би молела или би укажала на Владата? Дека треба да се прифати еден посебен статус, за овој комплекс треба да води сметка градот, бидејќи е од интерес на сите граѓани на Градот Скопје, дека Старата Скопска чаршија треба да биде место на етничко поврзување, а не на разединување и ако се стави под интерес на градот сето тоа ќе може да се постигне, и за подобро функционирање во оваа насока, потребно е да се изготви закон за Старата Скопска чаршија и да се одреди кој ќе управува со Старата Скопска чаршија, како ќе се утврди начинот на финансирање и се разбира да се формира еден одбор кој ќе се грижи за реализација на сите овие проекти.

Во таа насока , сметам дека ќе биде од полза за сите граѓани на Градот Скопје, на задоволство не само на граѓаните, туку и на сите оние кои доаѓаат да ја посетуваат оваа држава.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г-ѓо Петрова.

Повелете г. министре.

Има збор г. Александар Гештаковски.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Врз основа на укажувањата на пратеничката , врз основа на фактите и грижата за Старата Скопска чаршија, мислам дека е запозната јавноста и Владата расправаше во многу брзо време. Во Парламентот во најбрзо време ќе пристигне закон за заштита на Старата Скопска чаршија, кој врз основа на досегашните документи е прогласена како културно историски споменик. Владата веќе води активности во таа насока.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Збор има пратеникот Ѓорѓе Оровчанец, а нека се подготви пратеникот Фазли Велиу.

ЃОРЃИ ОРОВЧАНЕЦ:

Благодарам г. претседателе, г. министре, колеги пратеници,

Во изминатиот период интензивно дискутираме повеќе од недела дена за предлогот на онвата територијална организација на локална самоуправа во Република Македонија , кој во својот пакет го опфаќа и предлогот за донесување на закон за Град Скопје. Значи говориме за просторот на кој треба реално да профункционира децентрализацијата.

Денеска пред нас е еден предлог за донесување на онв закон за Град Скопје, закон кој самиот по себе, барем по тоа што јас можам да го забележам е конфузен, со низа недоречености и недефинирани позиции. Со овој предлог забележлива е недефинирана релација во односот на Градот Скопје со општините, пред се, нивно ставање во подредена позиција кон самиот Град Скопје. Појасно се потврдува и во членот 3 од овој предлог во вториот став каде се посочува дека општините во Градот Скопје утврдени со овој закон, немаат ист статус со општините утврдени со законот за територијална организација на локалната самоуправа на Република Македонија . Но суштианта на нерамноправниот однос е поставена во делот на описот на наделжностите, каде општините во Градот Скопје, слободно можеме да кажеме дека ќе имаат самоуслужна улога со покренување на иницијативи, давање предлози, предлагање на мерки.

Понатаму, надлежности од типот на давање мислење по однос на програмите кои што ќе ги носи градот, а мислењат акои ќе бидат необврзувачки, со овој начин на поставување на односите во рамките на градот, создаваат услови да имаме на практичен начин една целосна доминација на градот врз општините, со создавање на сервилни релации , каде интересот на граѓанинот ќе се загуби некаде во листата на предлози ии иницијативи.

На овој начин сметам дека принципот на децентрализација и поблиску на власта до граѓанинот на некој начин ќе падне. Вака создадената вредносна поврзаност и зависност се услов практично за концентрирање  на моќ токму во Градот Скопје за сметка на самите општини. Како сегмент за недефинираниот однос помеѓу општините и Градот Скопје, може да се издвои распределбата на средствата остварени од изворните приходи на Градот Скопје, кое ќе се врши според

формулата утврдена по претходно усогласување помеѓу градот и општините од неговото подрачје. Отворено е прашањето што со овој предлог закон не се дефинира и самата формула , така да и таа да биде предмет на дискусија на најтранспарентен начин. Ова е само дел од нерационалниот и непринципиелниот однос кој што се воспоставува помеѓу општините во Градот Скопје и создавање на централна моќ , каде децентрализацијата , практично ќе премине само во формулацијата на една фраза. Мислам дека во овој сегмент, вака општо кажано Владата тргнала од една позиција, лутала во таа позиција барајќи друго решение и мислам дека ова е на некој начин малку префорсирано, затоа што Владата со овој предлог закон мислам дека неспремна дојде на Парламентот, меѓутоа, можеме да простиме во смисла дека ова сепак е само предлог на закон и во таа смисла е добро што омжеме да чуеме и многу други мислења.

Во оваа моја дискусија сакам да потенцирам дека и во предлог законот за организацијата на локалната самоуправа во Република Македонија , тука во овој предлог на закон евидентен е резултатот, пред се од договорот што е постигнат меѓу коалиционите партнери меѓу СДСМ и ДУИ, истакнат во непринципиелно ново прекројување на скопските општини, со поделување на сегашната општина Чаир, во новоформираните Бутел и Чаир.

Понатаму, во делот на употребата на јазиците во градот Скопје, каде на вештачки начин и со нелогичен пристап на создавање на релации во рамките на општината, пред се, веше тука зборувано за членовите 32 и 33 , се прави обид да се отвори Скопје како двојазична општина.

Што се однесува пак до поставеноста на односот помеѓу руралните и урбаните општини што во Законот за локална самоуправа, а и во предлогот што го имавме претходно во Законот за територијална организација беше еден од основните принципи. Гледаме дека овде тоа е неприфатливо односно општините околу Градот Скопје, по мое мислење, сепак треба да останат како рурални, што значи дека алтернативата што е понудена и дадена во овој предлог закон за приклучување на општина Арачиново кон Градот Скопје, прво е нерационално и второ неприфатливо.

Кога сме кај овие забелешки, ќе продолжам понатаму со дел на забелешки што сметам дека би требало да бидат сугерирани на Владата при понатамошната обработка на текстот на законот за Град Скопје, да се земат предвид.

Сметам дека постои отсуство на стручен пристап и анализа, дека кабинетско политички начин на договарање е пред се подлога на овој закон. Тука би истакнал неколку дела:

Во член 7 каде се утврдува подрачјето на градот и тоа се детерминира со генералниот урбанистички план на градот што е донесен во 2002 година, што точно ги утврдува границите на урбаното подрачје.

Напротив, нестручниот пристап во изработувањето на овој предлог закон и политиканството од најдолен вид, бидејќи води директно во спротивност со одредени национални интереси и присуство на алтернативи, преку примерот што претходно го посочив и во основниот критериум. Тоа е вклучувањето на селото Арачиново кон урбаната целина на Град Скопје, без притоа да нудиме рационални критериуми. Со ваков пристап се демотивира развојот на рурарлните општини, бидејќи со нивното вклучување во урбаните општини кои по својата природа имаат сосема други приоритети во локалниот развој, само ќе се придонесе до взаемно забавување на развојот и на Градот и на руралната средина. Од друга страна, без основа, без некои елементарни белези на градската средина, од кои можеме да ги издвоиме образовните, здравствените, културните, производни, финансиски, инфраструктурни и други. На тој начин сметам дека ниту Арачинов ќе добие нешто со тоа што ќе влезе во Градот Скопје, ниту пак Градот ќе добие нешто. Напротив, мислам дека ќе изгуби.

Со ваквата постапка се поддржува уште една негативна тенденција наследена од старите принципи, повторно на уништување на селото што е одраз и во Законот за територијална организација, што го имавме. И наместо развој на селските општини, работа на подготвување на животниот стандард во нив, на овој начин повторно со една ваква алтернатива, се прави обид за вештачко зголемување на процент на одредени заендици во Градот Скопје како населено место.

Би имал и ред други забелешки што би сметал дека г-динот министер ќе ги земе предвид при подготвување на дефинитивниот текст на Законот и тоа, називот - организациони делови на Градот Скопје, да се замени со - општините на Градот Скопје, што има суштинско значење бидејќи општините, согласно законот за локална самоуправа имаат статус на правни лица. Мислам дека тоа е во контекст на Законот за локална самоуправа што е закон над овој закон, практично од каде треба да се влечат заклучлоците односно да се носат законите.

Член 3, алинеја 2 треба да се брише бидејќи со неа се овозможува повторно централизација на Градот Скопје, а интеграционите општини дадени со Законот за локална самоуправа, се одземаат и пренесуваат на Градот Скопје.

Во членот 6 да се додаде нова алинеја во која ќе стои дека и општините имаат својство на правни субјекти, а не само Градот Скопје.

Членот 11 и неговата алтернатива да се бришат и наместо нив да се наведат постоечките општини, по мое мислење.

Членот 12 да се брише и наместо него општините во Градот да се утврдат во постојните граници, затоа што сметам дека овде ќе се јават м ногу непознаници и мисласм дека Законот за Градот Скпоје, може да дојде во ситуација да стане и неприменлив.

Членот 13 да се брише, бидејќи практично е повторување на членот 6.

Член 19 точка 1,  алинеја 3, целосно да се брише и место неа да стои - донесување на детални урбанистички планови  за централно градско подрачје.

Спомнувањето на урбанистичките проекти оваа алинеја потполно е нејасно, бидејќи тие воопшто не се донесуваат по процедура, како генералниот урбанистички план, туку урбанистички проект претставува разработка на одредена локација, согласно правилникот за стандарди и нормативи, при планирањето. Повторно се поставува прашање за познавањето на проблематиката, вклучувањата на стручни лица, при изготвување на законот.

Алинеја 5 да се брише бидејќи согласно законот за градежно земјиште, општините и Градот Скопје, не располагаат со градежно земјиште, па соодветно на тоа и не може да го даваат под  закуп.

Алинеја 6, треба да има нова алинеја 7 која ќе гласи - обезбедува одведување и испуштање на еколошка и индустриска вода.

Понатаму, во член 20 алинеја 1 треба да се брише и наместо неа да стои - донесување детални урбанистички планови и урбанистичка документација за населени места.

Алинеја 4 да се брише, бидејќи давањето на земјиште под краткотраен закуп, поради поставување на временски објекти и правилникот за начинот и постапката на давање на градежно не изградено земјиште под краткотраен закуп, се укинати со Одлука на Уставниот суд.

Понатаму, член 22 да се усоогласи со член 13 од Законот за градот Скопје, во однос на бројот на советници во Советот на Градот Скопје, односно да остане делот со кој се делегираат по двајца членови од Советите на општините, во Советот на

Градот Скопје, заради подобрување  на компактноста на комуникацијата, и соработката помеѓу сите општини и Градот Скопје.

Дел од забелешките ќе ги задржам за понатаму, кога ќе имаме јавна расправа за овој закон.

Она што генерално од целиот текст можам да сватам е дека Законот е дојден до нас, на некој начин недобро обработен, не добро избалансиран и во однос на постоечката законска регулатива која постои и мислам има одредени пропусти и овој период кој следи треба да се доработи и законот за градот Скопје, да овозможи максимална децентрализација, а не да имаме повторно концентрација на моќ спрема одреден центар на моќ во Градот Скопје.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам, г-дине Оровчанец.

Повелете министре.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Г-дине Оровчанец јас би сакал да продолжевте со вашите забелешки, бидејќи е заеднички интересот и ваш и наш, граѓаните во Скопје да ги остваруваат правата од локалната самоуправа, на водоснабдување на патишта, култура, спорт. Тоа е основната цел. Незнам зошто прекинавте, бидејќи бевте доста консултивни во вториот дел, врз основа на вашите забелешки кои сигурно ќе бидат земени предвид и ќе придонесат за доградба на Законот. Во тој дел доколку се задржавте, мислам дека вашата намера беше, како на пратеник кој ги претставува граѓаните и се грижи за граѓаните во Скопје, а за мене е најбитно граѓаните да ги остваруваат своите права на целата територија, од заеднички интерес, а и локално да одлучуваат. А во делот дали општина - град, децентрализација, централизација, јас кажав, не задржува државата никакви надлежности во рамките на децентрализацијата. Се она што е проверено со Уставот, со Законот за локална самоуправа, со членот 22, се пренесува на градот Скопје, и се организира и уредува меѓу градот и општините, што кажав имаат својство на правно лице и ги имаат правата во своја надлежност.

Би сакал да кажам дека Владата ниту лута, ниту е неспремна. Владата ја има целта, што кажав и овде пред пратениците и јавноста  излезе со одредени размислувања, со еден предлог за потреба од донесување на основните принципи и начела. Врз основа на вашето укажување во вториот дел, сигурно ќе го надградиме делот, а Владата во никој случај не ги продава националните интереси, што вие велите.

Арачиново, со донесување во Скопје, со својот дел на население што по пописот има вкупно 11.922 жители од кои припадници на албанската заедница се 90,72%, н ишто не менува во делот на употреба на јазиците, ако мислите и така се изразивте дека алтернативата на Арачиново е заради продажба на националните интереси. Размислувањата на Владата и делот на коалиционите партнери и делот на Министерството за локална самоуправа, Арачиново како едно специфично подрачје, во овој период, во делот на одредени дејствија кои се одвиваат во околината на Скоје, се размислуваше и си стави на располагање, да се види како би се вклопило во рамките на Скопје, и би се надминале тие недоразбирања меѓу граѓаните што претставуваат, сигурно услов за конфликт, кој конфлилкт беше предизвикан. Никаква намера нема со донесувањето на Арачиново, алтернативата, да се продаваат, според вас националните интереси. Ако мислевте национални интереси за службена употреба на јазикот, незнам, не ве разбрав во тој дел.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Оровчанец.

ЃОРЃИ ОРОВЧАНЕЦ:

Доколку ме следевте, основната моја забелешка и тоа на два три пати ја потенцирав е дека во алтернативата на членот 11, за спојување на Арачиново во Градот Скопје, мислам, пред се дека проблемот е во непринннципиелноста и тоа во доменот на мешање на руралната со урбаната средина. Мислам дека тој критериум во Законот за територијална организација, беше поставен и таму беа општините поделени на урбани и рурални. Тој принцип требаше и овде практично, доследно да оди до крај, затоа што можностите за развој на Арачиново како рурална средина, се други, а други се ако бидат внесени, со она што е урбано, посебно на Градот Скопје. Мислам дека доминантно и тоа неколку пати го нагласив, пречката е во тие работи.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Јашари имате три минути реплика.

АДНАН ЈАШАРИ:

Благодарам г-дине претседателе,

На поетокот би сакал да го информирам претходниот говорник дека тенденцијата во големите градови односно главниот град е зголемување на нивните граници. Колку за информација или за пример би ги земал Тирана, Белград или некои други големи градови.

Второ, што добива или губи Скопје со Арачиново или без Арачиново. Мислам дека тоа е посебно прашање.

Преку вклучувањето на Арачиново во границите на Скопје, сигурно ќе се влијае, оваа општина во иднина, од статус на една општина што сега е како рурална општина да стане урбана општина. Тоа е факт кој не се оспорува и кој ќе влијае или е во интерес на сите граѓани и пред се во интерес на граѓаните на Араачиново.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодрам, г-дине Јашари,

Повелете една минута г-дине Оровчанец.

ЃОРЃИ ОРОВЧАНЕЦ:

Мислам дека репликата не е дефинира, но кратко ќе одговорам.

Тенденцијата да, меѓутоа, низ развојот би требало Арачиново под рурална средина да премина во урбана средина за да може да се инкорпорира. Ако е тој принципот што г-динот пратеник сака да зборува, тогаш нема ни потреба за локална самоуправа и децентрализација. Цела Македонија можеме да бидеме и со тоа да завршиме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам,

Повелете г-дине Рамадани имате три минути реплика.

ИСМЕТ РАМАДАНИ:

Јас репликата ќе ја упатам во следната насока, односно во моментот кога одговара и министерот за локална самоуправа, изгледа дека се откри тоа што е вистина во сето ова, во целиот контекст во кој се спомнува Арачиново.

Денес, тенденцијата од страна на одредени пратеници да се сатанизира Арачиново како општина или како живеалиште и понатаму. Тоа значи дека севкупниот пристап, кога се говори за Скопје, изгледа севкупниот пристап е така погрешен, со самиот факт дека во конотациите во кои се спомнува општина Арачиново, разоткрива многу работи. Во тој правец јас уште еднаш ќе повторам дека Арачиново ќе се определи односно јас како пратеник ќе се определам во моментот кога заедно со Студеничани и општина Сарај, ќе бидат во рамките на Градот Скопје, со цел да се даде јазичната симболика односно употребата и на македонскиот и на албанскиот јазик да бидат официјални, тогаш е прифатливо и така ќе се определиме. Меѓутоа во моментот кога надлежностите и натаму ќе останат на општините, во рамките на Скопје, такви какви што се сега, во однос на Градот Скопје, тогаш вистина е дека Арачиново ќе функционира и може да функционира како општина. Ќе повторам уште еднаш, ве молам да не го разместувате проблемот, спомнувајќи го Арачиново во негативен контекст, како општина, само за да се каже

односно мислам дека сакате да кажете, што ни треба Арачиново, не надвор од Скопје, туку некој како да сака дури Арачиново да го извади и од Македонија, како живеалиште. Можеби тука сум малку емотивен меѓутоа намерите се многу лоши и темни.

Повелете г-дине Оровчанец имате една минута реплика.

ЃОРЃИ ОРОВЧАНЕЦ:

Јас очекував кога ќе каже г-динот Рамадани сатанизација, да ни каже и зошто. Тоа што кажав дека Арачиново е рурална средина, дека е тоа сатанизација е сосема безпредметно г-динот Рамадани очигледно од седница на седница лута помеѓу различни опции, така како што нему му одговара, час, една час друга, но секогаш сака да биде во право, меѓутоа, не е секогаш во право. значи двоен аршин не може да се применува. Еден е параметарот. Г-динот треба во име на сите тие работи да се погрижи, на  преку осумсто раселени лица од Арачиново да им овозможи да се вратат таму и да продолжат со својот живот во таа рурална средина од каде што потекнуваат.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Повелете г-дине Алити имате три минути реплика.

РАФИЗ АЛИТИ:

Благодарам претседателе,

Јас ќе продолжам таму каде што г-динот рамадани рече во последниот говор дека намерите се темни. Оваа работа можеме да ја прочитаме врз основа на дискусиите, врз основа на проектот што е предложен за Скопје, посебно дискусијата на г-динот Оровчанец и на министерот што го даде одговорот се во таа насока.

Јас имам реплика на г-динот Оровчанец, меѓутоа и до министерот кои начела се земени или се почитувани, или треба да се почитуваат, општина Арачиново да не биде како урббан дел на Скопје, како урбана општина, и сошто општина Сопиште и општина Чучер Сандево кои се многу подалеку од Скопје, или општина Карпош може да се прошири до Блаце и во делот кој не е урбан. Тука се сочувани начелата, или како што рече г-динот Оровчанец, двојни аршини не треба да има, туку треба да има начела кои ќе треба да се почитуваат за сите општини и во Скоје, исто, било да се рурални или урбани.

Така што, за жал намерите се темни, меѓутоа верувам дека Владата на Република Македонија има време да ги исправи овие грешки или оваа поделба што е предложена сега во првата фаза.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Пријавете се господине Оровчанец, имате една минута за контра реплика.

ЃОРЃИ ОРОВЧАНЕЦ:

Ќе му одговорам на почитуван колега пратеник дека прашањата што ги постави треба да ги постави до неговиот коалиционен партнер, практично тие функционираат, а не мене да ми поставува прашање, затоа што јас ги поставував, затоа што јас не сум министер за локална самоуправа. Јас сум пратеник во Собранието на Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине министре за локална самоуправа.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Господине Оровчанец, многу брзо заборавте или сакате да заборавите. Вие кажавте Владата во Скопје ги продава националните интереси на македонскиот народ. Кажавте јасно и гласно за Арачиново. Бидејќи е ставено како алтернатива и тоа е факт и тоа го кажавте пред овој Парламент. И сега немојте да ги префрлувате делот на репликата што се однесуваат на тоа ваше прашање.

Јас ви одговорив и кажав дека Арачиново, во основното решение врз основа на организацијата на сите главни градови, Скопје да се простира во рамките на Генералниот урбанистички план и врз основа на одредени населени места што имаат рурален карактер а не припаѓаат на одредени општини. Тоа значи територијална организација на Градот Скопје, во функција со приградските населби, како посебни општина е функција што дава задоволување на потребите на граѓаните во Градот Скопје.

Многу е тешко во еден град, како Скопје, што во основа има 467.257 жители, во рамките на сегашните граници предложени со овој закон и нудиме една таква организација. Додека Градот Скопје, со сите приградски населби или рурални

општини, што го заокружува, изнесува околу 578.144 жители. Оваа организација што е понудена одговора на граѓаните на Градот Скопје и на руралните околни населби што се организирани во повеќе општини. Би сакал да објаснам. Арачиново нема никакви темни страни, нема никакви задни страни во тоа што е ставена алтернатива во дел на размислувањата и по Одлуките на Советот на Арачиново што го потврдија ова размислување.

Арачиново, кажав најотворено, сакавме и намерата беше како алтернатива да се интегрира во Скопје, врз основа на давање на еден подруг развој на населбата, односно на сегашната општина Арачиново. Додека другите општини што беа спомнати, Сопиште, Студеничани, тие се посебни единици на локалната самоуправа како рурални, што во целина со Скопската котлина ќе ги остваруваат правата на граѓаните, не мешајќи го руралниот со урбаниот дел. Тоа е оној модел што врз основа на експертите и размислувањата на Владата на Република Македонија е.

Инаку, господине Оровчанец, ако сакате да импутирате некои работи во тој дел, мислам дека не е во ред, ниту од ваша страна е тоа да го изнесувате.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Господине Шаќири, имате три минути реплика.

ИСНИ ШАЌИРИ:

Благодарам господине претседателе.

Јас би сакал да ми се разјаснат некои прашања тука мене, како пратеник.

Со самиот факт дека ние пред месец дена го имавме Законот за официјализирање на Тетовскиот универзитет, во тој закон голел дел од опозицијата од ВМРО-ДПМНЕ, како главен адут го имаа на пример гетоизирањето на албанците што го гледаа преку тој универзитет. Меѓутоа, сега на секаков начин се обидуваат албанските населени места да ги одалечат од Скопје. Тука не ми е јасно или пак тие ги имаат измешано брзините, а понекогаш паѓаат во кофликт со фмислењата што ги изнеле пред месец дена.

Доколку се сака да се има континуитет во политиката, што мислам дека треба да биде присутна кај сите партии, за да биде партијата стабилна и да има стандарден пристап што се однесува до политичките определби, не треба да има

вакви девијации, вакви пропусти, да се појават во рок од месец дена. Периодот е многу краток и мислам дека нема некоја нова платформа врз основа на која што тие можат да говорат поинаку.

Затоа би сакал тука да ми се објасни тоа што тие тогаш го нарекуваа гетоизација, а сега денеска говорат за прашања со што може да се предизвика гетоизација, говорејќи за села и живеалишта што не сакаат во ниту еден случај да се припојат кон Скопје. Каде е позадината на ова? Не сакам тука да говорам за тоа, но мислам дека на сите ни е јасно, целата јавност знае дека тука не е ништо сериозно, туку само дневна политика и мамење едни со други.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Шаќири.

Повелете, имате една минута господине Оровчанец.

ЃОРЃИ ОРОВЧАНЕЦ:

Би сакал да кажам дека господине Шаќири овде меша баби и жаби. Овде не зборуваме за Тетовскиот универзитет, не зборуваме за образование, зборуваме за децентрализација.

Ако господинот Шаќири мене ме убеди дека Арачиново е урбана средина, врезднаш ќе му кажам дека ќе се согласам Арачиново по тој предлог за влезе во Градот Скопје. Меѓутоа, тоа не е точно.

И уште една работа што би ја кажал до министерот, што кажа за општина на националните интереси, нека биде и Арачиново. Процентот на кој што се инсистира, повторно е тој. Не може на принцип на две општини да се дерогира то што е принцип поведен во Уставот на Република Македонија. И, не може, со други зборови, на тој начин да се бара леб преку погача.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Конечно, господине Фазли Велиу имате збор, повелете.

Но, незнам дали 10 минути ќе ви бидат доволни?

Се извинувам, постои уште еден дискутант, тоа е господинот Чашуле, молам да се пријават тие што мислат да дискутираат, за да знам дали да прекинам или да предложам да продолжиме утре да работиме.

Значи, има пријавени дискутанти.

Добро, повелете господине Велиу, дали ќе ви бидат доволни 10 минути или тука да ја затвориме седницата?

ФАЗЛИ ВЕЛИУ:

Денес само да направам еден вовед, доколку ми дозволите, а утре повторно да се пријавам да дискутирам, тогаш можам тој вовед да го кажам денеска.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Вака, денеска во 18,оо часот прекинуваме до таму каде што сме стигнале. Утре ќе продолжите во 11,оо часот.

Повелете, имате 10 минути време да кажете.

ФАЗЛИ ВЕЛИУ:

Почитуван претседател, почитуван министре, колеги и колешки,

Што се однесува до денешниот пристап кон прашањето, Градот Скопје, имавме доста сериозен пристап. Самиот сум задоволен што на овој начин се анализира нашиот заеднички главен град Скопје. За нас претставува главен град на земјата, како дипломатско - политички центар на државата. Скопје, поделени на општини, исто така значи дека е заедничко за сите жители од овој предел и од руралните зони. Затоа, само Скопје како урбана целина не би имало смисла, само Скопје како рурално не би имало смисла. Ние сме се определиле за формирање на урбано рурално Скопје, со цел Скопје да стане центар на самата држава и центар на Скопје и на оние што живеат во околината.

Тргнувајќи од ова начело, јас би сакал членот 3 да се анализира, да се разгледа уште еднаш и да се утврди дали е во согласност со законите за децентрализација. Едновремено, сакам да истакнам дека и членот 6 треба да се измени и наместо зборот "правно лице", Скопје треба да биде комплексно, историско, географско правно лице, затоа што не е доволно само да се каже правно лице.

Членот 7, исто така се истакнува да има грб, да има знаме за општините. Мислам дека тука треба да се додадат и симболите што ќе дојдат како производ, што ќе поттикнат од имплементацијата на Охридскиот договор.

Додека сме кај ова прашање, прашањето на Скопје, што за мене претставува еден Париз во минијатура или како се нарекува, мислам дека Скопје

треба да се анализира поинаку, многу поинаку од првичниот пристап што го имаме сга. Скопје, освен ова што е истакнато овде, освен самите напори на Владата на Република Македонија и министерот за локална самоуправа, што ги поздравувам за последните изјаснувања и објансувања што министерот ги даде за тоа колку добиваат и губат албанците, Скопје треба да има посебен статус. Тој посебен статус треба да биде соработка меѓу општините, како тоа што се случува на Запад, затоа што некои општини ќе бидат послаби, некои понапредни. Треба да има соработка меѓу самите општини во Скопје, затоа што тие ќе бидат хетерогени и така ќе има поделба на придонесите и придобивките како што се случува и на Запад, затоа што зоните што ги имаме тука, имаме една индустриска зона што нема врска со другата зона, трговската зона што нема врска со другите, треба да се помине низ културните зони што исто така ќе бидат посебни, образовните, Универзитетот, Академијата, домовите на културата што ќе бидат на разни европски системи, исто така ќе бидат посебни.

Сакам да ви дадам конкретен пример. Доколку тие се развијат доволно, се помагаат и доколку таму постигнале црквата да се изгради соодветно, не се даваат на црквата, туку на општината или доколку не е постигната целта да се изгради една општина блиску се дава на општината а не на црквата, доколку таа ја постигнала својата цел.

Сите граѓани, тука во ова место, се сметаат како граѓани на целото место. Затоа нема да имаат предност само скопјаните, имаме предност и ние кои сме во другите предели на нашата земја која е мала, но треба да има еден центар. Самиот Балкан треба да има центар. Јас исто така сум на мислење, што не се истакна тука, можеби се дискутираше за тоа претходно, Скопје треба да биде метропола на земјата, треба да биде центар, бидејќи како што гледате во последно време дипломатијата оди преку Скопје. Преку Хрватска, Алабанија и тн. За тоа Скопје нема доволен капацитет за да биде таков центар. Затоа, ние треба да го направиме Скопје метропола на Балканот пред тоа да биде Софија, затоа што на Запад е поблиску.

А, употребата на јазикот е опрделен со Статут и таму каде што ќе бидеме над 20% никој не може да ни оспори правото употребата на јазикот. А, таму каде што ќе имаме процент од 5%, 3% или 10%, тоа не може никој да го оспори, независно од колку различни позиции се говори денеска.

Уште еднаш сакам да и укажам на опозицијата дека на власт се ДУИ и СДСМ и другите и дека тие го имаат главниот збор. Нека имаат трпение, во иднина,

доколку успеат да победат на избори нека прават како сакаат. Но, да не го повторат тоа што правеа во минатото, затоа што за нив и за сите граѓани тоа беше едно горчливо минато.

Како заклучок, мислам дека ние треба да одиме во насока на позитивен ривалитет во Скопје, било во случај да се припоиме со руралниот дел, да ја развиваме економијата во насока да не дозволиме криминалот да биде основно начело тука, да ја развиваме културата, затоа што доколку сакаме дањ постигнеме еден пример, како Виена, што многу често сум го спомнувал, не може без таа мултиетничка рамка што треба да ја постигнеме, не можеме да стасаме ниту до Виена ниту до Европа, до никаде.

Уште еднаш ги молам претставниците на власта и министерот, уште еднаш да ги разгледаат членовите 3, 6, 7 и некои други, што ги спомнаа во текот на овие седници.

Благодарам и ве поздравувам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Фазли Велиу.

Дали тоа значи дека вие всушност ја завршивте вашата дискусија?

Благодарам.

Тогаш ние завршивме со нашата работа за денеска. Само сакам да искажам нешто.

Овде се пријавени 7 дискутанти. Искрено се надевам дека утре ќе ја затвориме расправата за Градот Скопје и барем еден ден време, среда, да оставиме и за Парламентот и за Владата, бидејќи на 26 во четврток, се оди во Даблин да се поднесе апликацијата.

Ви благодарам, утре продолжуваме во 11,оо часот.

(Седницата прекина со работа во 17,57 часот)